СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

од Првото продолжение на Шеесет и четвртата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 28 јуни 1993 година

Скопје, јуни 1993 година

**I ПРОДОЛЖЕНИЕ НА 64-та СЕДНИЦА НА СОБРАНИЕТО НА РМ, ОДРЖАНА НА 28.VI.1993 ГОДИНА**

Дискутанти:

1. АНДОВ СТОЈАН – 1, 2, 13
2. АБДИ ФАИК – 5, 76
3. АНДОНОВ ТИМЕ - 7
4. АНАСТАСОВ МИТКО – 10, 11, 26, 27, 46
5. АПОСТОЛОСКИ НИКОЛА - 61
6. ГОЛУБОВСКИ ВЛАДИМ ИР – 64, 65, 67
7. ДАВЧЕВ САНДЕ – 24, 101
8. ДИМОВСКИ ТОДОР - 81
9. КРСТЕВСКИ НИКОЛА – 13, 48, 77
10. КИРОВ ТАШКО – 15, 36, 105
11. КОВАЧЕВСКИ СТОЈАН - 41
12. ЛАЗАРЕВСКА БИЛЈАНА – 32, 33, 60, 72, 73, 74, 96
13. ЛУЛОВСКИ КОЛЕ – 34, 35
14. МАНЕВ ЕФТИМ - 92
15. МАРКОВСКА ЃУЛИСТАНА – 45, 56, 68, 87, 90, 92
16. МИТЕВСКИ ВЛАДИМИР - 40
17. МЛАДЕНОВ ВАНЧО - 5
18. МАНЕВСКИ ЈОВАН - 8
19. МИНОВ ПАНЧЕ - 89
20. НИКОЛОВ ДУШАН - 19
21. ПАНОВСКИ МИХАИЛ – 1, 4, 78, 79, 80, 81, 88, 93, 94, 95
22. ПЕТКОВСКИ ТИТО – 32, 34, 93, 103 9води седница0
23. СТАМЕНОВ РИСТО - 74
24. СТАНКОВСКИ РИСТО - 69
25. СТОЈАНОВСКИ ТОМИСЛАВ – 96, 97, 98, 100
26. САДИКУ ФЕРИД – 38, 40
27. СИМЈАНОВСКИ НАУМ - 74
28. СТОЈАНОВСКИ НИКОЛА – 17, 19
29. СПИРОВСКИ ИГОР – 50, 82 9чита список на пратеници0
30. ТОШЕВ БЛАГОЈ - 25
31. ТРПЧЕВСКИ ДУШАН – 44, 48
32. ТРАЈКОВСКИ ПЕТАР - 62
33. ХАРЕДИНИ ЏЕВДЕТ – 6, 11, 15, 27, 29, 31, 32, 35, 37, 54, 55, 56, 58, 59, 60, 70, 86, 87, 96, 102, 104
34. ХАНЏИНСКИ БЛАГОЈ – 23, 89
35. ЏАФЕРОВСКИ АЛИЛ - 3

-седницата продолжува -

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

## од Првото продолжение на 64-та седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 28 јуни 1993 година

Седницата се одржа во сала 1, со почеток во 12,05 часот.

Седницата ја отвори и со неа претседаваше Стојан Андов, претседател на Собранието.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Продолжуваме со работа.

Пратениците Ристо Стаменов, Јордан Бошков, Димитар Поповски, Љубомир Поповски, Иван Иванов, Симеон Ивановски, Стоиле Стојков, Благоја Чкатроски, Гоце Андоновски, Александар Гештаковски, ме известија дека од оправдани причини не се во можност да присуствуваат на седницата.

Констатирам дека на седницата присуствуваат мнозинството пратеници на Собранието и дека Собранието може полноважно да одлучува.

Отворам претрес по амандманот на раздел 8 конто 416 и на раздел 10 конто 418, поднесен од пратеникот Тиме Андонов.

Господин Михаил Пановски бара процедурално.

**МИХАИЛ ПАНОВСКИ:**

Почитувано претседателство, дами и господа пратеници, барав процедурално збор од причина што сакав да укажам на една недоследност, а со оглед на значењето на седницата бидејќи е оваа седница кога се носи Буџетот на државата, сметам дека е неопходно присуството во салава на премиерот на државата, односно претседателот на Владата.

Тоа го барав и од причина што неговата пратеничка група на тој начин искажува еден вид на двоен морал односно минатата година кога се расправаше за Нацрт - буџетот на 32-та седница на 22 јануари 1992 година, истата таа пратеничка група на СДСМ, дури ќе кажам дека некои пратеници излегуваа и неколкупати господинот Џаферовски дискутираше на двапати, господинот Наќе Стојановски исто така, Симеон Ивановски дури и господинот Фаик Абди тоа го поддржа, се бараше присуство на премиерот и се гласаше, беше донесена одлука Парламентот да има пауза и да се повика премиерот на државата.

Исто така на 35-та седница кога се носеше Предлогот на Буџетот на 1 април, од истата пратеничка група во име на Пратеничката група господинот Ванчо Младенов бараше да присуствува премиерот на државата, тогашниот господин Кљусев.

За моралот на оваа пратеничка група доволно зборува тоа што едни заложби беа тогаш кога беа во опозиција, а сега кога се на власт и премиерот е од нивните редови може да отсуствува и може на толку важен настан за државата кога се носи Буџетот да еве повторно отсуствува. Сметам дека еднаш за секогаш треба да градиме институтски на демократијата и да го исклучиме двојниот морал од нашето однесување како пратеници и највисоки функционери во државата.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Јас морам да укажам и треба да се разјасниме по тие работи обично се гласа. Се дава предлог и обично се гласа. Минатиот пат гласавме , дали господин Пановски сака повторно да гласате. И тогаш кога беше господинот Кљусев, во прашање, гласавме. Има предлог за тоа не се расправа, господин Пановски предлага, предлогот да се повика претседателот на Владата.

I/3.-

Кој е за предлогот молам да крене рака?

(Реакција на некој пратеник).

Ве молам, кој е за тој предлог нека крене рака? Тоа е друга работа, ние овде прво имаме предлог. ПО тие не се дискутира, по предлозите од процедурален карактер. Не, не. Ве молам, предлагате ли вие ние да го повикаме овде претседателот. Па, видете луѓе тој дава овде некакво образложение, а бара да се повика претседателот на Владата.

Кој е за тоа претседателот на Владата да присуствува и без него да не расправаме нека крене рака?

(За гласаа 28 пратеници).-

Овој предлог не е прифатен. Ние треба да одиме оперативно да работиме, не друго (Реакција на некои пратеници) па, предлогот беше тогаш прифатен, вие господине Пановски минатиот пат викавте тогаш не гласавме не е точно, гласавме тогаш кога беше прашањето на премиерот Кљусев, само Предлогот беше прифатен, направивме пауза од 15 минути и дојде човекот. Сега, бидејќи не е прифатен предлогот да престанеме со работа, предлагам да продолжиме со работа, а да се повика претседателот на Владата да дојде овде. Ние два саати чекаме за кворум, ве молам повикајте го, тој ќе дојде. Ајде да не престануваме со работа

Има збор господин Џаферовски.

**АЛИЛ ЏАФЕРОВСКИ:**

Јас мојот став го немам променето и денеска мислам така и покрај тоа што премиер е човек од мојата партија. За никаков двоен морал не станува ниту мој ниту на пратеничката група. Сметам дека примерот ќе дојде, тој не знаеше кога ќе почне седницата на Собранието. Не може да дежура, веројатно има и други обврски. Нема никаква причина сега овде да апмутираме некои работи кои не стојат.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам, деловничка обврска да биде тука и премиерот не постои. Единствено постои можност пратеник да предложи да му дадеме таква обврска, го дадовме тоа на изјаснување и завршена е работата и тоа е доволно.

Господин Пановски повторно, пак ќе прави некоја интервенција.

**МИХАИЛ ПАНОВСКИ:**

Двојниот морал на одредени луѓе се гледа во тоа...

**СТОЈАН АНДОВ:**

За моралот држете тркалезни маси, ве молам.

**МИХАИЛ ПАНОВСКИ:**

Сакам да кажам дека немам намера никого да го навредувам туку дека една иста пратеничка група за една иста работа пред една година гласаа на еден начин, иницираа расправа на еден начин, а сега по иста работа што самата ја иницирале тогаш гласа на друг начин. За мене тоа е двоен морал.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Бе молам да престанеме со таа работа. Дајте да престанеме. Тие работи се за друго место, не се за во Парламентот.

Има збор господин Младенов.

Еве го претседателот на Владата.(Претседателот на Владата влегува во салата)

I/5.-

**ВАНЧО МЛАДЕНОВ:**

Исто така јас бев спомнат, Мислам дека колегата Пановски требаше да погледне на оваа страна, дали не дигнав рака кога беше поставено прашањето да гласам, но, незнам зошто така ги компликува работите дека некои се со двоен морал кога луѓето работат онака како стварно е.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам, за друго се собравме.

**ВАНЧО МЛАДЕНОВ:**

Ама не се собравме, бев спомнат дека имам двоен морал еднаш гласав, еве и сега гласам да биде премиерот овде. Незнам дали е тоа двоен морал или е ...

**СТОЈАН АНДОВ:**

Прашањето на моралот не е прашање на Парламентот ве молам.

Има збор господинот Фаик Абди.

**ФАИК АБДИ:**

Мислам дека е многу лошо овде од оваа говорница да се зборува за двоен морал. Можеби многумина немаат ни еден а камо ли два морала да имаат. Меѓутоа, да се разбереме. Ние имаме коалициона Влада и ние што тогаш баравме да биде премиерот, ние знаеме зошто баравме да биде премиерот, зошто била експертска или неекспертска и што ја знам каква. Знаеме што се постапките во Предлог - буџетот и Законот за спроведување на буџетот. И што има сега повторно да, и што ако биде претседателот тука, тука е, ќе измени нешто или ќе прифати нешто. Јас ве уверувам дека ништо нема да прифати, затоа што треба да се врати на Влада и треба да се најдат извори на средства.

I/6.-

**СТОЈАН АНДОВ:**

Добро ама сега да не ги нагодуваме работите. Ајде ако можеме да почнеме да работиме. Ве молам, и понатаму, со разни епитети и описни изрази овде кога се однесува на политички разномисленик да гледаме да не се навредуваме, не е тоа добро, квалификациите повлекуваат и трајни спомени, не е тоа убаво.

Да продолжиме со работа.

Отворам претрес по амандманот на раздел 8 конто 416 и на раздел 10 конто 418, поднесен од пратеникот Тиме Андонов.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ЏЕВДЕТ ХАЈРЕДИНИ:**

Почитувани пратеници, предлагачот на амандманот предлага позиција 416 да се зголеми за 50 милиони денари, и да се намали друга позиција за толкав износ во рамките на Министерството за внатрешни работи позиција станови на МВР. Оваа позиција предизвика доста распра- ва и во комисиите, во Комисијата за финансирање и буџет, со тоа сакам да ги информирам пратениците дека се работи за позиција која е веќе исплатена и не може да се намали. Таа е исплатена од причини што обврските на буџетот се создадени уште минатата година кога градежните претпријатија "Пелагонија" и "Бетон" ги изведувале работите и државата останала должна према овие градежни претпријатија.

Износите обезбедени во буџетот за 1993 година се само измирување на стасани а неисплатени обврски за изведени работи на становите во текот на минатата и претходните години, а незнам кога е почната изградбата на тие станови. Оваа Влада во септември месец се соочи, го наследи тој проблем и работите не можеше да се прекинат при крај на изведувањето на изградбата, на довршувањето на становите.

Од 1.01.1993 година наваму за тие станови не се создадени нови обврски, не се продолжени работи, многу се довршени порано започнати работи. А, обврските према градежните претпријатија во услови кога имале и договори со МВР и со Министерството аз одбрана не можат градежните работници да не ги наплатуваат. Затоа оваа разлика се обезбеди од средствата за Буџетот за 1993 година и тие обврски према нив веќе 99% се исплатени. Така да не постои теоретска ни практична можност таа позиција да се намали за да се зголеми позицијата 416, трошоци, расходи за дипломатско - конзуларните претставништва.

Владата овие работи ги има усогласено и во границите на можностите за 19 93 година има побезбедно средства за трошоците и расходите што ќе се предизвикаат за конзуларно - дипломатските претставништва на Македонија во странство.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор Тиме Андонов.

**ТИМЕ АНДОНОВ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, имено, јас го разбрав министерот дека овие пари се потрошени, но разгледувајќи го сега Буџетот ние поинаку сега не можеме да гледаме туку тоа што можевме да гледаме во него и така да размислуваме. Јас не мислам дека овие пари во контото 416, станови за вработените во МВР, дека се многу, туку во размислувањата дека Министерството аз односи со странство дека е ново министерство односно, посебно со одвојувањето на Македонија како самостојна суверена држава има потреба за развивање ново министерство, посебно многу важно е дека сега се водат дипломатски активности, засилени, а тоа се предвидува и во наредниот период, а со предвидените 49 милиона денари мислам дека тоа е неможно. Според сознанија до Министерството аз односи со странство

I/8.-

моменталните пресметки, реални се некаде околу 130 милиони денари, тоа Владата го знае, но сепак ова Министерство не може да работи без пари. Со овој амандман не се обезбедуваат вкупните средства што се потребни за работа на ова министерство, туку сепак за овој период до донесување на Ребалансот на Буџетот, па јас мислам дека треба да се прифати амандманот, а Владата е таа што може да обезбеди други средства, па тие средства да се пополнат овде во министерството, ако се веќе потрошени.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор Јован Манчевски:

**ЈОВАН МАНЧЕВСКИ:**

Почитувани пратеници, сакам да кажам само неколку збора во поддршка на предложениот амандман од пратеникот Тиме Андонов. За разлика од некои министерства кои постоеја и порано и си пертрофираа до невидени граници, Министерството за односи со странство сеуште во повој. Но, изгледа дека според предвидените средства од Буџетот за негова меѓународна активност ќе си остане само со повојот, а новороденчето ќе си остане без другата неопходна потреба. Преку нашите претставници во дипломатските, конзуларните претставништва треба да се гради имиџот на земјата,покрај другото. Ние сме мали, сиромашни како земја, но сепак треба да имаме свој углед. Нашите претставници да бидат сметани за питачи со тоа што ќе употребуваат јавен сообраќај за превоз, ќе одат на приеми со такси или во партали, ќе живеат како потстанари и сл., со тоа нема да предизвикаме сожалување, само може да предизвикаме презир кај соговорниците.

Ние знаеме дека правењето на држава ќе чини. Можеби не во детали, но знаевме дека како за земја како нас поставена во такви услови на блокади и на изолација, нашето појавување на меѓународна сцена беше отежнато и денес пречките се на секој чекор и објективно

создадовме проблеми кај многу од нашите соседи, но и тоа ќе помине. Сепак, останува на нас за да се види кои сме, што сме и до каде сме. Затоа е потребно процесот на воспоставување на дипломатски односи да не се закочува, барем од наша страна зашто во наш интерес е.

Министерството за односи со странство не можело да предвиди минатата година во септември кога се давани податоците за Буџетот кои земји се ќе не признаат, со кои земји ќе се воспостават дипломатски односи, колку дипломатски конзуларни претставништва ќе бидат отворени, како ќе бидат тие опремени, екипирани и какви се цените во тие земји каде што ќе бидат отворени.

Смешни се по малку и жални предлозите на некои луѓе од некои министерства што предлагаат да се повлечат воопшто мерцедесите од употреба за да не и паѓаме во очи на Европа од која бараме помош. Веројатно не мислеле на народната "Насредин оџа и ќуркот" од народната мудрост или библиското "кој има ќе му се даде, кој нема ќе му се земе" Такви се денес односите во Европа и во светот. Ние бараме помош, не бараме сожалување, туку место под сонцето и не молиме туку бараме, во тоа е разликата.

Во пазарната економија нема сожалување. Затоа ги молам колегите пратеници да го поддржат овој амандман зашто како што чувме можеби и ќе нема ребаланс на буџетот и не ќе може на тој начин нешто да се поправи во иднина.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор господин Митко Анастасовски.

I/10.-

**МИТКО АНАСТАСОВСКИ:**

Дами и господа, јас немам ништо против овие предлози, односно против овој амандман, меѓутоа една работа, една работа треба да знаеме, тука од 100 милиони иде на 50 милиони, а тука од 35 милиони на 85 милиони. Разбирливо е тоа што го кажа господинот е така, дека нашата земја треба да се афирмира преку тие конзуларни претставништва, меѓутоа треба да ја имаме во вид и една друга работа, една друга работа од кои средства сега ќе се префрлува во овие сметки, за конзуларни претставништва.

II/1 рд/вц

**МИТКО АНАСТАСОВСКИ:** (продолжение)

Кога ќе се земе на пример ситуацијата во државата во која се наоѓаме, и не сакам никој да ме гледа криво, а се знае кој ме гледа криво, не вие од таа страна не, јас ја кажувам вистината и затоа сум влезен во Парламентот да ја кажам вистината. Не сум дојден тука така да поминам. Јас ви реков немам ништо и немам против ништо ако државата е јака да дава. Но сакам да знам од кои средства државата, од кои партии ќе земе, не од политички партии, туку од партии економски, кој е економиста добро го разбира, да се префрлат во овие средства. Кога киниме од едно, даваме на друго, за тоа малку треба да се размислуваме. Или пак кога земаме од некој сиромав па даваме на некој богат, тоа не чини. Тука треба да се внимава најмногу и да ја постелеме чергата, колку ни се долги нозете. Затоа што костенот кога ќе се стави, и господинот се послужи со една метафора, односно прикаска од Насредин оџа, меѓутоа, јас ќе ви кажам, сега во моментот се сетив, кога ќе го ставиме костенот да се пече, ако повеќе го оставиме што ќе направи? Ќе пукне, ќе се растури.

**ЏЕВДЕТ ХАЈРЕДИНИ:**

Завчера во уводните напомени почитувани пратеници кажав дека една од причините зошто не можеме брзо да донесеме буџет е и долготрајното усогласување помеѓу корисниците на буџетот. Постапката за изработка на Нацртот на буџетот е таква што соодветните министерства до Министерството за финансии доставуваат свои барања за расходи за годината. Мислам дека нема поквалификувани субјекти кои ги знаат потребите од Министерството за односи со странство од самите луѓе што работат во Министерството за односи со странство. Можам да ве информирам дека функционерите на Министерството за односи со

странство, независно од тоа што не сме имале таму на чело и министер в.д., тој бил отсутен, меѓутоа, луѓе одговорни за материјалната основа на Министерството, постојано биле присутни во Владата и учествувале во сите форуми, комисии на Влада и на Влада кога се расправало и кога се усогласувани можностите и потребите на одделните буџетски корисници. Можам да ве информирам дека не постоело голема разлика помеѓу она што Министерството за односи со странство побарало за 1993 година во позицијата да влезат расходите, од она што во Министерството за финансии е одобрено. Значи таму не е многу коригирано за разлика од многу други корисници, за кои и Владата ја информиравме по однос на нацртот, беше принудена да одземе, да додаде и т.н. Тука не сме имале некое големо разидување, помеѓу она што е побарано и она што е одобрено, а сигурно е дека тоа е недоволно, меѓутоа, јас реков дека сите корисници на буџетот сфатија дека 1993 година е исклучително тешка и дека никој нема доволно средства да ги задоволи потребите. Тоа е едно, и второ постојат можности и да нема ребаланс, до колку Владата во текот на извршувањето на Буџетот оцени одредени позиции да останат непотрошени, со самата Влада, со акт, нема да ги доведе во прашање основните функции на дипломатско конзуларните претставништва, што ќе бидат основани кои ќе почнат да функционираат. Според тоа и Владата е свесна за важноста на сето она што господата пратеници истакнаа дека ако прв пат настапува Македонија во странство, сигурно дека не ќе може таму да се обрукаме, ќе се најдат други можности да се коригира и да се додава, ако до тоа дојде дури и да нема ребаланс. Тоа сакав да заклучам дека усогласување трае долго време и се мисли дека е ова оптимумот не максимумот што е можен во дадениот момент.

**НИКОЛА КРСТЕВСКИ:**

Јас сум против амандманот за измена во оваа ставка бидејќи за надворешното работење исклучиво е надлежна владата, Парламентот е така наречен за интерна употреба. Сметам Владата која е исклучиво директно надлежна за дипломатски односи, кога таа нашла за сходно оваа ставка да не ја зголеми, туку се прилагодила према можностите, ние влегуваме во туѓи надлежности. Ние прво нашите интерни потреби да си ги задоволиме, а Владата исклучиво надлежна е за односите со странство и дипломатското работеше.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали уште некој се јавува за збор? (никој)

Јас би сакал уште нешто да кажам во врска со овој амандман.

Јас поаѓам од фактот дека кога е подготвен Буџетот некои состојби во претставувањето на државата надвор не биле познати како ќе настанат, биле неочекувани. Меѓутоа, ние сега имаме знатно повеќе претставништва, и некои претставништва кои можеме да ги отвориме изгледа не ќе можеме да ги отвориме, заради тоа што немаме доволно пари предвидени. Инаку сакам да ви кажам како се претставуваме таму кај што сме сега кај што имаме претставништва. На пример, во Брисел имаме стален претставник и господинот Теговски, се разбира, нема шофер. Иако нема шофер тој знае да вози, меѓутоа нема кола. Него го повикуваат на закажан состанок во Европската заедница за клучни работи од интерес за земјата, тој треба да оди со такси, но му го бараат бројот, со кој број која ќе влезе во двориштето. Тоа е контрола, тоа е таму организирано. Се разбира, тој објаснува дека иде со такси. Нему се разбира му паѓа угледот кај оној што веќе треба да го прими, да го прими, каде што треба да влезе. Нашиот претставник во Стразбур, каде исто

така ја постигнуваме нашата меѓународна афирмација, има само за себе стан, тој нема стан да може да го прибере семејството. Тој нема кола исто како и господинот Теговски. Исто така нашиот претставник во Москва нема кола и оди исто така со такси, закажува во Министерството во Русија и се разбира, треба да објасни зошто тој нема кола, постојано таа кола е расипана нешто во тој момент и т.н. Треба сите овде да поразмислиме за тоа штом се нафативме да бидеме држава и да се бориме за наша афирмација надвор, треба да ги создадеме тие основни услови на претставување на нашата земја надвор, прво, таму кај што сме испратиле, каде што сме процениле нашиот политички интерес дека е неопходно да имаме свој претставник, да му ги создадеме елементарните услови. Ни еден наш претставник нема ниеден член од семејство со него таму. Сакам да ви кажам дека треба да почувствуваме една одговорност. Владата е сигурно должна, таа ги воспоставува и одржува меѓународните односи, но ние донесуваме буџет. Ние ги покриваме сите расходи. Затоа ако се случи овој амандман да не се усвои, јас апелирам кон тоа да се примени некој метод, сепак да се најде начин, да се подобрат условите на претставувањето на нашата земја надвор, бидејќи тоа многу зависи...- и после повратно и на нашите внатрешни односи како не третираат секаде каде што одиме и т.н. Инаку во принцип треба да најдеме начин како ќе запреме да се создадат повеќе годишни обврски без закон, а после само да се задолжува Буџетот однапред кој е донесен па да кажеме да го доведуваме дури министерот за финансии во ситуација да не го знае потеклото на обврските, да биде присилен во буџетот по секоја основа да наоѓа покритие. Амандманот има смисла, има голема потреба за него. Не станува збор Владата дека не ги гледа тие потреби, но процесот на создавање на буџетот е многу долга работа, долг процес е, многу усогласувања се потребни  а исто така и многу се промениле состојбите

во меѓународното претставување во тој период и затоа сега треба да поразмислиме од ново настанатите состојби и од оние кои ќе дојдат.

**ЏЕВДЕТ ХАЈРЕДИНИ:**

Соочени со ситуацијата што ја опиша претседателот на Собранието, дека се неопходни услови за функционирање , а Владата овие денови расправаше за потреба од постојниот возен парк што го имаме 3,4 коли да даде за првите претставници на местата каде што ги наведе претседателот на Собранието, а да останеме овде во недостиг на коли. Ќе даде предност таму тие коли да се дадат.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали уште некој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (23)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на раздел 8 конто 416 и на раздел 10 конто 418, поднесен од пратеникот Тиме Андонов.

Отворам претрес по амандманот на раздел 19 за додавање нова позиција 202-а конто 433 и на раздел 21 за додавање нова позиција 223-а конто 433 поднесен од пратениците Никола Стојановски, Јован Николов, Ташко Киров и Зоран Китев.

Молам, кој бара збор?

**ТАШКО КИРОВ:**

Дами и господо, навистина ретка прилика и тоа многу ретка е да се чујат статистички податоци за нарушената еколошка состојба во Велес. И во тие ретки прилики кога можеме да кажам срамежливо да ги чуваме тие податоци се повеќе од алармантни. Се зборува за драстично

зголемување на малигни заболувања, за драстично зголемување на деформитети кај новороденчиња, за болестина респираторните органи, на дишните органи итн. Сите овие податоци најверно можат да ги изнесат здравствените организации и работници кои што со тоа се занимаваат. Но јас само можам да кажам како секој граѓанин дека во еден подолг период во Велес некои птици кои што порано доаѓаат, повеќе ги нема. Сето ова е од страна на нарушување на воздухот како животен фактор за одржување на еден нормален живот. Но за жал, несреќите не доаѓаат никогаш сами па и вториот фактор кој што е битен за здравјето на луѓето, а тоа е водата и тој многу придонесува за нарушената еколошка состојба на животната средина во Велес.

Водата кој што граѓаните на Велес ја користат е буквално од реката Вардар. Реката Вардар сите знаеме е од четврт степен на загаденост во која што имаме и постојан помор на рибите, а таа вода треба да ја користат граѓаните. Оваа вода освен што механички се прочистува преминува преку одредени филтри и бактериолошки со додавање на земиски флор воопшто не се прочистува. Сите отпадни хемикалии и материјали кои што доаѓаат во реката Вардар се содржани во таа вода. Од овие причини граѓаните решија да изградат нов водовод, ново наоѓалиште на вода, да се донесе планинска вода и за тоа се распиша веќе повеќе пати по ред самопридонес за таа намена.

Токму за ова беше расправано и минатата година на 35-тата седница на која што ова Собрание исто така донесе заклучоци како приоритетно, со што се задолжува Владата да изнајде начин за наоѓање на средства за хидро системот Лисиче. Токму со овој амандман сега

ништо ново не се предлага, туку се предлага материјализација на овие заклучоци. Што значи овие заклучоци, кои што Собранието ги донесе, само да ги спроведеме во практика. Со оваа одлука ние ќе докажеме колку самите како собрание опстојувам на нашите објекти.

**НИКОЛА СТОЈАНОВСКИ:**

Почитувано претседателство, почитувани пратеници, амандманот базира на заклучокот на Собранието на Република Македонија донесен на 35-тата седница, одржана на 35 март 1992 година. Тој заклучок гласи: "Се задолжува Владата на Република Македонија да изготви програма за решавање на проблемите со водоснабдувањето во Републиката, при што приоритет да се даде на хидросистемот Лисиче - Велес.

На 21-05. оваа година, кога се разгледуваше Нацрт- буџетот за 1993 година, ние направивме забелешка на нацрт - буџетот и предложивме да се направат измени во раздел 19 и во раздел 21 и ги предложивме и сумите кои се, кои ги имате во амандманите. Кои се причините што ние ова го предлагаме. Претходниот дискутант колегата Ташко за тоа зборуваше. Јас само некои работи ќе ги потенцирам.

Хидросистемот Лисиче претставува проект за водоснабдување на 50 илјади жители и ќе претставува решение на една нај- загрозена животна средина. Во овој момент се вбројува меѓу најзначајните инвестициони зафати во Република Македонија.

Во изминатите пет ипол години со средства исклучиво од месниот самопридонес, успешно е завршена градбата на фабриката, односно филтер станицата за прочистување на водата за пиење со капацитет до 600 литра во секунда, до водниот цевковод долг 20 километри од точниот

тунел и галеријата. Моментално во тек е и изградбата на последниот објект на хидросистемот односно браната Лисиче, каде што градбата е извршена над 25%, додека фронтот на работа е отворен за 100%. Нужност од изградба на овој објект произлегува од фактот што овој регион претставува најзагрозена животна средина во Република Македонија и тоа пред се на водите на реката Вардар на почвата и воздухот што има несогледиви последици за здравјето на населението, и тоа од следните причини: градот се снабдува со вода за пиење од рени бунарите на областа на реката Вардар, чија загаденост е од четврти степен. Рени бунарите се во непосредна близина на топилницата, на оддалеченост од 200 до 300 метри и почвата е загадена со тешки метали, олово, кадмиум и цинк, а самото земјиште каде се бунарите е богато со манган што водата е над бунарите десетоструко над максимално дозволената количина. Какви последици од ова може да се очекуваат, не е потребен коментар. Издашноста на бунарите е само 60 литра во секунда, која количина половина оди во индустријата, така што скоро цела година се оди на редукција на водоснабдувањето и граѓаните имаат вода само два до три часа во денот и тоа само за санитарна употреба, додека за пиење и готвење одат по изворчињата во околината на градот која од своја страна е хемиски и бактериолошки неисправна.

III/1/НН/ЛБ

**НИКОЛА СТОЈАНОВСКИ**: (продолжение)

Сегашната алармантна состојба со водата која е карактеризирана и со чести епидемии на цревни заразни заболувања, заразна жолтица, тифус од хидрично потекло, како и хемиски неисправна вода наложува итни мерки за доизградување на хидро системот "Лисиче" што за градот би значело дефинитивно напуштање на водоснабдувањето на градот од реката Вардар чии води се неупотребливи ни за наводнување, ни за поење на стока. Континуирана снабденост на населението со чиста планинска вода, карсна вода за пиење, наводнување на 4.500 хектари плодна земјоделска површина односно производство на здрава храна. Полнење и реватиризација на езерото "Младост", подобрување на микро климата во регионот и заштита од порои, поплави, наноси на целото подрачје.

Со обезбедувањето на средствата од Републичкиот буџет заедно со средствата од самопридонесот чиј месечен прилив е 3 милиони и 200 илјади денари ќе се овозможи започнувањето на работата на насипот, телото на браната што претставува последен чекор во конечното решавање на проблемот на градот со вода за пиење.

Истовремено изградбата на хидросистемот "Лисиче" е неопходна и поради фактот што тој претставува првиот објект од започнувањето на изградбата на мега проектот Вардарсли слив во РМ. Недоделување на бараните средства би значело запирање на градбата, повлекување на градежната оператива што би имало катастрофални последици за проектот. Поради овие наведени причини ги молам сите пратеници да гласаат за амандманот.

**ДУШАН НИКОЛОВ:**

Почитувано претседателство, почитувани пратеници при донесувањето на буџетот за 1992 година во ова Собрание беше предложам закон за изнаоѓање на извори за финансирање на

хидросистемот "Лисиче". Овој закон бидејќи беше изгласан во ова Собрание треба да се запише во Гинисовата книга на рекорди на закони што се донесени во ова Собрание а рокот на живеење му е само три саат, затоа што по интервенција на претседателот на ЗКП истиот беше повлечен. Мислам дека во аналите на парламентите вакво нешто досега не се случило.

Кога се повлече законот се донесоа заклучоци дека Владата ќе направи програми со приоритет за решавање на водите за пиење. Тоа не го стори старата Влада, а и новата Влада изгледа не си презеде обврските на Собранието за да направи нешто, за да реализира дел од заклучоците на Собранието. Јас мислам дека ние овде што гласаме за законот, кој што гласавме за заклучоците треба да размислиме и во врска со предложените амандмани.

Претходните дискутанти доста рекоа што значи хидросистемот "Лисиче" од аспект на подобрувањето на еколошката средина на градот, од аспект на здравствената заштита на населението на градот и од аспект на економските можности што ќе ги даде хидросистемот Лисиче во делот на наводнувањето и ревитализацијата на езерото "Младост". Јас морам да кажам дека граѓаните на градот Титов Велес соочени со проблемот со водата за пиење поодамна сукцесивно го решаваат сами толку колку можеа и колку сега можат. Сигурно дека ако не се измени општествено политичките состојби во државата градот ќе продолжеше да си го гради сам хидросистемот Лисиче. Тогаш кога имаше општински буџети и кога заедно со општинските буџети и доприносот што населението го дава ќе го изградеа. Но, сега се изменија условите на финансирањето. Општински буџети не постојат и затоа за прв пат минатата година и оваа година пратениците односно населението на градот Титов Велес бараат да се помогне во довршувањето на овој објект. Оваа година, при крајот на 1992 година и почетокот на 1993 година, граѓаните на Титов Велес распишаа нов самодопринос во кој

самодопринос издвојуваат по два основа. Издвојуваат од личниот доход по 2,5% и издвојуваат од доходот на работните организации. Но пак во изменетиот политички систем дел од самодоприносто граѓаните не можат да остварат затоа што градот кој што има развиено здравство, кој што има развиена управа, кој што има развиено Министерство за внатрешни работи, образовани, култура итн. и се финансира од буџетот на државата, дел од самодоприносот делот што е доходот сега не може да го остварува. Кога не го остварува овој доход се намалуваат средствата од самодопринос што требаше да ги дадат граѓаните. Значи, уште една непогодност во делот за доршување на хидросистемот Лисиче. Мислам дека во ова треба да се има увид кога ќе се произнесуваме по амандманот.

Да не зборувам каква е еколошката состојба, нешто беше кажано,. но морам уште нешто да кажам затоа што сегашните извори од кои се снабдува градот со вода, а тоа е непосредно до реката Вардар, тоа е вода од реката Вардар која што е загадена. Загадена е со тешки отпадни материи кои што идат од градот Скопје, од индустријата на градот Скопје. Тука е живата, тука се органско - распадните материи, тука се фенолите. Тоа се отпадни материи кои што супцесивно го трујат граѓанинот на Т. Велес. Супресивно го умираат граѓанинот на Т. Велес. Тоа значи а ко овде не се помогне престои опасност на изумирање на граѓаните што живеат таму, или пак иселување од таму, ако не се успее да се донесе здрава вода за пиење. Тоа мораме да го имаме предвид како граѓани на оваа македонска држава.

Незнам, тука има луѓе од струка што знаат што значат феноли во вода за пиење. Се е тоа канцерогено, затоа што како здравствени работници гледаме секојдневно се судираме со проблемот на

карциномите кои од ден во ден се во пораст. Да не зборуваме за репродукцијата, за наталитетот на граѓаните што живеат таму. Со секојдневно предвремено раѓање, сабитијални абортуси затоа што не можат децата да се носат, а анемиите да ги оставиме како последица на тешките метали и оловото. Врзувањето на оловото за крвта значи тешки анемии, скратување на животот на оние што живеат во тие простори тука. Овој проект не е проект кој што денеска треба да се почне. Овој проект е во завршна фаза. Ако е проект во завршна фаза треба да му се даде приоритет и треба да се доврши. Можеби граѓаните на Велес стрпливо издвојувајќи од своите средства ќе го изградат тој систем ако не за 1 до 2, можеби за 4-5 години, но какви ќе бидат последиците од закаснувањето од изградувањето на тој систем Мислам дека свеста на граѓаните на целата република тука треба да се залага. Кои се последиците ако ова се оддолжи во градењето? Градот нема да отстапи, ќе го изгради сигурно но се повикуваме и на свеста на граѓаните на оваа држава. Се треба да им се помогне а мислам дека тој град еомагал на оваа држава и по- натаму ќе помага. Ако се дозволи, тоа може да го процени Владата кој е тој дел што треба да се издвојува, дали една година заради заштита на населението да го ослободиме градот од плаќањето на обврските према државата па нека се изгради системот "Лисиче" Може и така да разговараме, ако веќе не може да се најдат други средства. Навистина, мислам.~дека, прво овде во овие собраниски клучи треба да проработи разумот и свеста на сите пратеници, а апелирам и пошироко на целата наша заедница, РМ со цел да се заштити еден град од 50 илјади жители а сигурно ќе имаат користи и еден поголем дел од населението, пошироко на цела општина која е не-каде околу 70 илјади затоа што, и пошироко од езерото Младост има можност за наводнување еден дел и на Овчеполието со завршување на овој хидро систем.

III/5

**БЛАГОЈА ХАНЏИСКИ:**

Почитувани пратеници сите ние што седиме во парламентарните клупи сме претставници на граѓаните од изборните единици од кои што сме избрани и сосема е природно ако е тоа така како приоритетни наши задачи да ги имаме задачите за разрешување на проблемите на граѓаните што не избрале. Притоа, познавајќи ја релативно добро ситуацијата во целата држава сосема ни е јасно дека практично нема регион во Македонија кој што нема проблеми со водата за пиење или регион во кои што прашањето за обезбедуваше на вода за пиење е решено крајно. Оттука сите си имаме и вакви приоритетни горлици задачи во своите изборни единици. Слични проблеми има во мојата изборна единица во општина Берово и се трудиме да ги разрешуваме постепено толку колку што можеме.

Меѓутоа, минатата година кога ова прашање беше на дневен ред на Собранието на неговата 35-та седница ни се чини дека мнозинството од пратениците дојдоа до заедничко сознание дека ако навистина имаме горливи проблеми со водоснабдувањето на вода за пиење дека тие проблеми се најизразити во Велес и евентуално повремено во Прилеп, со тоа што во Велес не станува збор за проблемот има нема вода, туку станува збор за уште посложен проблем каде што и таа вода што ја има, како што нашите колеги пратеници од Велес истакнаа носи катастрофални последици по здравјето на целокупната популација која што ја користи. Од тука ако се сеќавате мнозинството од пратениците во овој Парламент минатата година се заложија да се донесе таков заклучок каков што се донесе на 35-та седница и со кој што се обезбедија тогашни 200 милиони динари за да би можеле да се налепат на средствата што граѓаните ги издвојуваат со самопридонес и за да може да се почне со овој проект кој што има така витално значење. Јас се сеќавам дека прилично евносно се залагав за тој заклучок и излегував

неколку пати на говорница, меѓутоа секогаш имав една дилема која што денес ми е практично разрешена и затоа станав да земам збор.

Дилемата беше дали покрај ваквото наше залагање нема незнам по кој пат да се обрукаме заради тоа што во изминатиот период многу пати се излегувало со самопридонеси и се обезбедувало средства меѓутоа во најголем број на случаи останаа работите недорасчистени, без прави одговори дали се наменски искористени средствата, дали се ефикасно искористени, дали се постигнати соодветните ефекти. Мене ми се чини заради минатогодишното залагање дека многу од нас пратениците токму и заради тоа почнаа да го добиваат Билтенот, јас го имам последниот Билтен на системот Лисиче, сум гледал и кај многу наши пратеници во кој може да се види дека таа дилема дали средствата за кои што ние минатата година се изборивме дале резултат или не целосно е отпаднато. Може да се види дека навистина со средствата од самопридонесот и тие што ги обезбедивме преку нашиот заклучок повеќе од 30% од работите се завршени. Оттука ми се чини дека не само маките, туку најверојатни и стручноста и знаењето ги натерале луѓето ефективно да ги искористат тие средства и ако час порано треба да се заврши системот, за да не трпи таа популација и понатаму во здравје и во многу други работи мислам дека сами со самопридонесот ќе немаат сили во така краток период како што е потребно да се заврши системот поради што треба повторно со еден износ од средства, така како што е предвидено во амандманот да и се помогне во таа популација.

**САНДЕ ДАВЧЕВ:**

Почитувани пратеници, ние на 35-та седница за буџетот од минатата година донесуваме еден заклучок за кој јас инсистирав, а тоа е заклучокот Владата да истакне програма за решавање на проблемот на

водоснабдувањето во Републиката. Таа програма и сега инсистирам Владата да ја направи бидејќи водоснабдувањето во Штип исто така е катастрофално. Во Штип не нечиста вода да има, туку да ја има и нечиста граѓаните се среќни. Педесет посто од жителите на Штип воопшто немаат вода. Јас инсистирам овој заклучок повторно да го донесеме- Владата на РМ да изготви една програма за решавање на водоснабдувањето на сите градови. Ако почнеме вака секој град ќе бара дел од нивната програма да се финансира од буџетот. Инаку сите општини, Штип веќе трет пат распишува самопридонес за водоснабдување. Ако одиме по тој принцип треба сите општини да бараат пари од буџетот а тоа е невозможно.

**БЛАГОЈ ТОШЕВ:**

Почитувано претседателство, почитувани пратеници, можеби така сум воспитан, конзервативно, независно дали се работи за Велес. Водата е неизбежна работа. Конкретно ние знаеме дека Велес ги направи сите усилби, она што можеше да го направи. Еден, уште еден самопридонес и ситуацијата е дотаму стигната што до 199 4 година овој систем треба да се заврши. Бидејќи ова не е градски водовод, ова е систем почитувани пратеници кој што ќе наводнува над 4 иљади хектари земјоделска површина и плус вода за пиење за граѓаните, бидејќи знаеме во каква ситуација се наоѓа градот Велес.

Ние од Битола кога патуваме за Скопје и за Битола можеме да забележиме таа цевка од 0-500 што е пината во реката Вардар , од кај што зема вода за пиење граѓанството на град Велес. Според тоа и со мојата дискусија во Комисијата за буџет и финансирање дадов еден допринос. Моментално не значи да сфати Владата дека амандманот од 50 милиони денари треба да се изврши. Ние настојуваме односно конкретно јас да ен се запре овој систем на градба. Да се најдат

средства не 50 милиони, да се дозволи понатамошната градба со цел да продолжи градбата, да не дојде до прекинување на самата градба затоа што со самото прекинување на градбата има поголеми последици. На таков начин ние ќе бидеме благодарни ако и оваа година одобриме одредена сума на пари од буџет за до крајот на годината само со цел да не запре градбата. На тој начин сметаме дека овој систем ќе биде завршен во 1994 година и граѓаните на Велес ќе бидат благодарни што овој цел Парламент се ангажираше за да им се овозможи да имаат квалитетна вода за пиење.

Сметам дека и за другите места ако стане проблем јас истиот ќе бидам, со ова мое убедување дека вода за пиење секаде треба да има во нашата држава.

**МИТКО АНАСТАСОВСКИ:**

Интересна тема, интересни пратеници. Педесет илјади народ умира и сега се прашав јас со господинот Стојановски, не можев да се сетам за една емисија која се даваше на радио. Да се потсетиме, тоа е Времеплов, деновиве пред години. Многу пати од оваа говорница имам кажано решаваме а не го исполнуваме. Кога е за животно прашање за 50 илјади жители...

МИТКО АНАСТАСОВ: (Продолжение)

Таква е предвидена ставка та за Велес, ние треба да бидеме загрижени, како што се и самите жители. Јас не знам и лани се водеше таа дискусија и им дадовме поткрепа, дури сега господинот, претходник, пратеник не потсети и многу убаво кажа дека не треба да се сопре работата. Секое сопираше на работата значи ги осудуваме, јас не сум доктор но имам поим што значи околу да се има фабрики, загадуваше од секаде, загадување на Вардар што е штетно не само за здравјето на луѓето што ја пијат водата, а ако сме во друга држава или ќе го оцени народот или ќе го забрани местото да се сее, да се сади итн. Докторите тоа го знаат. Затоа наполно се согласувам и ланската година дискутиравме, а и сега да се најдат средства, да се одделат средства градбата да продолжи да ја спасиме околината на Велес еколошки, да го спасиме човекот кој живее таму. Само за тоа ќе ми извинете што реков пред пратениците! Повеќе дискусии ми се чини не се потребни.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор господин Хајредини.

**ЏЕВДЕТ ХАЈРЕДИНИ:**

Господа пратеници, се водеше опсежна расправа и на комисиите за проблемите врзани за последиците од нечистата вода во Велес, Велешко; И таква е ситуацијата, сите сме убедени едно не е точно дека Владата досега не обрнала внимание. И со ребалансот за 1992 година и со овој Буџет, и сега имаме од позицијата во границите на можностите 20 милиони денари. Владата веќе донесе заклучок од тоа веќе поголемиот дел од средствата веднаш, 5 милиони , 500 пред да се деноминираат, да има предност исплатата на обврските спрема добавувачите на системот

Лисиче. Меѓутоа, целосно вака како што се предлага, веќе таму, од таа позиција има исплатено, за разлика од било кој. Имаме позиција 20 милиони во Буџетот за водоводи во општините. Требаше повеќе да се расправа како таа позиција да се зголеми затоа што од утврдување на нови позиции, хидросистеми како што се вика и хидросистемот "Лисиче", има врска и со Законот за системот за финансирање на општите општествени и заеднички потреби. Такви крупни зафати, формално правно можат да се финансираат ако се донесе соодветен закон од страна на Собранието, па да се обезбедат средства за подолг рок, да се финансира и да се заврши, при тоа треба да се утврдат изворите и сл.

Затоа мислам дека Владата, независно Буџетот еден од сегментите од надлежностите на Владата Владата е одговорна за вкупните состојби во Републиката. Таа има задача, има надлежности, да се грижи, да презема и други мерки за да не се прекинат работите во изградбата на хидросистемот "Лисиче". Овој амандман предлагачот што го дава, не предлага намалување на ниедна друга позиција, туку едноставно само да се додадат две позиции една 30,а друга 20 милиони денари. Така да без претходно усогласување, да се изнајдат во рамките на сите позиции на буџетот средства, само да се додадат нови две позиции и сл., тоа не е едноставна работа, ниту е тоа можно на седница и со гласање да се направи. А во право се укажувањата дека од предвидените средства за водоводи и оваа година. Владата тука да направи се и да даде владин приоритет на "Лисиче" и да преземе се друго за да не дојде до прекин на работите на овој систем, чии последици сите ние сме свесни,се големи . Владата така и ќе постапи, меѓутоа, вака едноставно да се додадат позиции, да се зголемат износите во Буџетот, во кој што случај Буџетот би станал поголем за 50 милиони и од износот што е утврден со закон, не може во моментот тоа

така да се прифати, а се друго да се има предвид. Нека се извлечат одредени заклучоци, меѓутоа, амандманот да се прифати така како што е предложен не е можно.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали уште некој бара збор.

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (45)

45 пратеници гласаа за.

Дали има некој воздржан? (17)

Дали има некој против? (1)

Констатирам дека Собранието го усвои амандманот на раздел 19 за додаваше нова позиција 202-а, конто 433 и на раздел 21 за додавање нова позиција 223-а, конто 433 поднесен од пратениците Никола Стојановски, Јован Николов, Ташко Киров и Зоран Китев.

По тој повод господинот министер бара збор.

**ЏЕВДЕТ ХАЈРЕДИНИ:**

Бараме да се прекине работата на Собранието затоа што не може да има урамнотежен буџет. Ние се обидовме да објасниме. Не по аргументите туку законите донесени од ова Собрание не се почитуваат и ние сме исправени пред ситуации каде не можеме да најдеме излез од оваа ситуација. Ние мораме да ги спроведеме законите на ова Собрание. Ова Собрание, пратениците исто така не може, јас верувам , апсолутно сум убеден да ја доведат Владата во ситуација на експериментира во невозможни ситуации.

IV/4.-

Молам ние бараме прекин за да можеме на новосоздадената ситуација да дадеме одговор.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Добро ја прекинуваме седницата за еден час. На Владата треба да и се овозможи прво да види сама кои решенија може да ги понуди, потоа да контактира со пратениците кои се предлагачи на амандманот, а потоа и со пратеничките групи.

Ќе продолжиме во 14,30 часот.

Седницата прекина во 13,15 часот.

IV/5.-

(По паузата)

Седницата продолжи со работа во 15,25 часот.

Со седницата продолжи да раководи Тито Петковски, потпретседател на Собранието.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Бидејќи по барање по претставникот на Владата беше прекината седницата, претпоставувам дека Ви е поделен амандманот на Владата, сепак јас го молам претставникот на Владата да го образложи амандманот.

Има збор господин Хајредини.

**ЏЕВДЕТ ХАЈРЕДИНИ:**

Почитувани пратеници, за време на оваа пауза, направивме напори сепак нешто да задоволиме од барањето на предлагачите на амандманот, со тоа што предлагаме позицијата во разделот 19 - Министерството за урбанизам, градежништво, сообраќај и екологија позицијата 200 - учество во изградбата на водоводите во општините, износот милиони динари да се замени со 30 милиони динари.

Потоа амандман број 2 во раздел 19 позиција 201 - развој на железничкиот сообраќај, износот од "12" се заменува со 2 милиони денари.

Со тоа што наредните амандмани имаат за цел за бришење на амандманите од предлагачот.

И ова не беше лесно да го предложиме, ние знаеме дека и овие 12 милиони денари за кои намени се утврдени во Предлогот на буџетот не се доволни, па едновремено предлагаме да се донесе заклучок од вкупно 30 милиони предвидени во разделот 19 позиција 200, Владата кога ќе донесе одлука, од нив 15 милиони да бидат само за

IV/6.-

хидросистемот "Лисиче", а другите 15 милиони денари за другите водоводи во општините.

Ве убедувам дека други можности сега со овој буџет не постојат. Со тоа се избегнуваат и сите правни контрадикторности и законот што е на сила за системот на финансирањето на општите и заедничките потреби и Законот за ограничување на јавната потрошувачка за 1993 година, како и обврската буџетот да остане урамнотежен.

Молам во оваа смисла да се ценат напорите на Владата и овој пат вака да бидат усвоени овие амандмани.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Според тоа Предлогот на Владата односно амандманот станува составен дел на буџетот и одиме понатаму.

(Реакции на пратениците од место)

Не немаме никаква основа, деловнички освен амандмански да расправаме. ве молам расправата по ова е завршена.

Може ако имате нешто процедурално. По ова нема расправа.

**БИЛЈАНА ЛАЗАРЕВСКА:**

Јас би сакала да го прашам министерот дали за ова е констатиран министерот за Градежништво и урбанизам.

**ЏЕВДЕТ ХАЈРЕДИНИ**: (од место)

Консултиран е.

**БИЛЈАНА ЛАЗАРЕВА:**

А, да ми одговори од оваа говорница, заради тоа што ние на Комисијата и во образложението што го има Владата, односно освртот на предлозите и мислењата од комисиите, Комисијата за градежништво и урбанизам кога го гледаше нацртот на буџетот расправаше за

зголемување на средствата предвидени за водоснабдувањето во Републиката и беше зголемување , а одговорот на Владата дека потребата од зголеменото учество на Републиката ќе биде со внимание следена и во текот на годината, при што за приоритетни и ургентни потреби, Владата ќе го коригира предложениот износ или ќе издвојува позајмици.

Исто така би сакала да укажам на расправата во нашата Комисија, што се коси сега со ова што е овде изнесено, заради тоа што на Комисијата...

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Јас Ве молам материјална по ова не водиме. не водиме материјална расправа.

**БИЉАНА ЛАЗАРЕВСКА:**

Ја сакам ова сега да го разјасниме бидејќи на Комисијата се расправаше за овие средства за развојот на железничкиот сообраќај и за енормно малите средства што се дадени за изработка на просторните планови на оваа Република, зашто тука нашата Република како се уште да е во рамките на СФРЈ, а со министерот односно со неговиот заменик беше договорено дека согласно ингеренциите Министерството, тоа може да ги користи во рамките на овие средства што се на Министерството за урбанизам и градежништво односно може да пренаменува средства, при што беше разгледувана можноста средства за развојот на железничкиот сообраќај да се фузираат со средствата за учество за изработка на просторни планови, затоа што новата железничка мрежа исток- запад е во тек на преговори, би влегла во новиот урбанистички план. Затоа мене ме изненадува ставот на министерот за Урбанизам и градежништво да дозволи од овде да се извлечат толку средства.

IV/8.-

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Јас Ве молам, реков материјална расправа немаме бидејќи нема никаков основ. Само со амандман може да се расправа. Овде министерот кажа дека е овде предлог на Владата. Не станува збор за предлог на ресорното министерство. Според тоа кога ќе отвориме расправа и претрес по текстот по Предлогот на буџетот , тогаш може да предлагате заклучоци и друго. Во врска со ова, немаме никаков основ за расправа.

И во врска со ова не може да барате процедурални прашања. По ова нема расправа.

**КОЛЕ ЛУЛОВСКИ:**

Морам да обрнам внимание како прво дека сигурно консултација не е извршена со министерот за сообраќај, поради тоа што во образложението што...

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Јас Ве молам Вие рековте за процедурално прашање, а сега објаснувате.

**КОЛЕ ЛУЛОВСКИ:**

ни го понуди министерот по амандманот, јасно е дека и самиот не знае како се вика организацијата ЖТП. Ве молам таа се вика ЖТП односно Железничко - транспортно претпријатие, а не како што тој рече ЖТО. Тука Вие уште во образложението за насловот на самото претпријатие.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Па немојте, ве молам. Тоа не е процедурално прашање.

IV/9.-

**КОЛЕ ЛУЛОВСКИ:**

Тоа ме доведува во ситуација да се сомневам дека Вие воопшто имавте некаква консултација со самата Влада. Ако Вие една институција, државна институција не ја знаете поставеноста,не ја знаете поставеноста на ЖТП.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Ве молам господине Луловски, Ви го одземам зборот. Тоа немате право да го кажете.

**ЏЕВДЕТ ХАЈРЕДИНИ:**

Се викале порано ЖТО. Мислам господине дека не е битно.

Второ , се тврди паушално дека не е консултиран. Консултиран е министерот за урбанизам. Консултиран е! Според тоа , претпоставки не прифаќам. Не можам да бидам обвинет на тој начин. Еднаш јас овде сум рекол, и тоа треба да биде јасно дека јас тоа што ќе го речам овде е точно. Овде се гледа, а јас реков дека сите корисници на буџетот не се задоволни со износите со кој сме влегле во буџетот. Сите корисници. Меѓутоа, овде со гласање бевме доведени во ситуација, пак нешто да направиме напори, да префрлиме , зашто за проектите, пак може да се најдат други извори за проектирање на железничкиот сообраќај. Овде е друга обласка. Сите сфатија и граѓаните и пратениците укажуваат на еден многу подраматичен проблем. Проблем на здравјето на луѓето , наталитетот и воопшто доаѓа во прашање, а сега веднаш се даваат други аргументи, јас можам да ви тврдам дека сите корисници можат да станат овде и да докажат дека износите се мали, дека не се обезбедени плати, нема разлики за следење на порастот на платите. Лесно е овде тоа да се каже дека и железницата и електростопанството и други , ние дури ги бришавме и позициите за развој на електроенергетските објекти, каде што знаеме дека електростопанството со 10 милиони денари не можат

IV/10.-

да се развијат. Таму ни се потребни 100 милиони долари. Затоа одиме да не ги расплинеме парите и на едно место малку да ублажиме кога се работи за здравјето на луѓето, зашто овде беше опишано каква е ситацијата. Во тоа е работата, а не дали е П или О, па не знаеме!

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Ве молам да се јавувате само процедурално зашто ова што го поставувате не е процедурално. Ова што го правите е материјална расправа по амандманот на Владата.

**ТАШКО КИРОВ:**

немам намера материјално да расправам зашто расправата е завршена. Во случајов се јавувам процедурално. Јас не сум правник но мислам дека проблемот е правнички. Регуларно се усвои амандманот, со потребното мнозинство. Повторна расправа околу тоа немаме. Тој амандман нудеше нови позиции, да не ги читам. Нудеше сосема нови решенија од тоа што Владата сега го нуди како паралелно решение. Значи сега имаме две решенија, едно од амандманот поднесен од 4 пратеника, а другото решение од Владата. И едното е составен дел на буџетот и другото. Што значи оваа работа е веќе за пред Уставен суд. По низата грешки, да не кажам, што ги направи Владата што одеа на Уставен суд, јас мислам ако правилно се бара решение ова ќе биде на ист начин решено. Тоа е мојата процедурална забелешка. Зашто амандманот е усвоен и расправата е завршена. Јас немам никакво морално право после усвоен амандман нешто да повлекувам и да бараме ново решение. како еден од потписниците на тој амандман стојам зад тоа решение и мислам правно тоа би требало да биде разјаснето.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Ве молам тоа деловнички е сосема јасно. Со амандманите 3 и 4 на

Владата се брише претходно усвоениот амандман од парламентот. Според тоа до завршувањето на претресот по текстот на буџетот може секој пратеник да поднесува нов амандман. Тоа е сосема јасно.

Според тоа одиме понатаму.

Отворам претрес по амандманот на раздел 28 за додавање нова позиција 351-а поднесен од Комисијата за здравство.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ЏЕВДЕТ ХАЈРЕДИНИ:**

Во суштина амандманот прифатен во Комисијата за здравство исто така е сличен, правно гледано со претходниот амандман, со тоа што има само една специфичност. Таму се предлага меѓу програмите за неколку облици превентивна заштита што треба да се финансира од буџетот и учество во финансирањето на дијализата и некој други расходи од таа природа. И се предлага плус 20 милиони денари, со што се зголемува вкупниот обем. Се претпоставуваше дека законот за изменување и дополнување на Законот аз здравствена заштита ќе биде пред буџетот и дека таму ќе се расчисти дали ќе влезе како програма и дејализата. Значи тука има сега уште една правна пречка со овој амандман за да се прифати се додека не се расчисти прашањето со Предлогот на законот аз измени и дополнувања на законот аз здравствен заштита, а се друго важи од она што се кажа. И овде се работи за нова позиција, за - зголемување на вкупниот износ, без предлог, без усогласен предлог за намалување на било која позиција или раздел во буџетот. ве молиме од исти причини, сега засега, и ако тоа прашање е доста сериозно како и проблемот со водоснабдувањето во Велес, на овој начин не ќе може да се реши прашањето на финансирањето на дијализата од буџетот. Да остане да се решат прво начелно со донесувањето на буџетот па како ќе биде во натамошниот период така ќе биде и во буџетот.

IV/12.-

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор господинот Ферид Садику.

**ФЕРИД САДИКУ:**

Почитувани пратеници, свесни за тоа дека со амандмани не се решаваат состојбите во кои денеска се наоѓа здравството во Републиката, јас ипак ќе се обидам свеста на колегите пратеници да ја разбудам или да ја заголицам да се гласа за овој амандман. Состојбите во здравството воопшто, а и во Општината Гостивар се да не речам катастрофални. Впрочем, како и во останатите општини во Републиката, ние во Гостивар во интервал од 2-3 недели добиваме по околу 200 илјади деноминирани денари за материјални трошоци за лекување. Овде средства од 200 илјади денари, може слободно да се каже, дека не се доволни ни за сицим. Ние во Гостивар и најтешките инфекции ги лекуваме со пенлицилин, а често пати и го немаме. Замислете се во една ситуација, кога доаѓа,ако тргнеме од хирургија, едно дете, крвави, исечено, со отворен прелом или затворен, а нема- те основни средства да му пружите помош. Или на гинекологија!

Најмногу јас би се задржал во доменот на интерната медицина каде што навистина многу пати се наоѓаме во таква ситуација да нема-ме основни средства, односно да немаме лек кој што во моментот на пациентот толку му е потребен за да може да му се спаси животот. Тоа се однесува на диоретици, кардиотоници, пореметување на ритамот, тоа најдобро го знаат лекарите кои работат со тоа , на пример пореметување на ритамот на пример во интензивни корнорни неги и сл. Често пати сме во ситуација кога на болниот на фамилијата или на тие што го донеле болниот да им кажеме одете преку патот во апотеката 12 или 1 часот, отворено е, земете еден диоретик за да еден бело- дробен ендем го изведеме, односно да го спасиме човекот.

IV/13.-

Често пати трчајќи пациентите, се снаоѓаме и во такви позиции кога лифтовите не работат трчајќи по скалите , се случува да паднат и луѓето што го следат повредениот кој исто така се жали на болки во градите и носејќи ја бараната инекција.

V/1/сп/см

**ФЕРИД САДИКУ**: (Продолжение)

Што значи со овие средства кои ние ги добиваме - Медицинскиот центар во Гостивар се неминимални, туку навистина занемарливи. Во последно време сме добиле извесна помош од ЕКО програмата, меѓутоа таа нема да биде трајна веројатно еден ден ќе пресуши, па затоа апелирам на пратениците овој амандман, оние средства за дијализа да бидат прифатени односно да се гласа за амандманот.

Само за илустрација едномесечните потреби за нормално одвивање односно за пружање на основна помош на заболените само во нашиот медицински центар изнесува околу еден милион денари, а како што реков пред малку ние добиваме на две до три недели само 200.000 деноминирани денари. Не ни достасуваат и најпотребните лекарства кои ги нагласив, поготово во тешка состојба е хирургијата, а во тешка состојба е интерната коронарна нега каде често пати недостасуваат најосновни елементарни лекови кои со една инекција би можело на човекот да му се спаси животот.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

За збор се јави господинот Митевски.

**ВЛАДИМИР МИТЕВСКИ:**

Почитувани пратеници, она што го дискутирав во петокот навистина се обистини. Сега министерот Хајредини го потврди тоа што јас го дискутирав. Прашање е дали требаше прво да се заврши 63-та седница на Собранието па да го видевме предлогот на закон за здравствена заштита што ќе ни понуди и што ќе се усвои од тоа, дали тоа ќе бидат трошоци за хемодијализа или цитостатици или

имуносупресивни средства за трансплантирани бубрежни болни. Вака испадна навистина една смешна работа дали е во прашање тактика на самата влада или нешто друго не ми е јасно. Меѓутоа, сега да раправаме за амандман кој зависи од тоа дали во Предлогот на закон за измена на Законот за здравствена заштита ќе биде усвоен што е условно, а сега сме во ситуација да дискутираме за него. Навистина смешна ситуација. Убаво кажа министерот Хајредини многу јасна работа требаше да се заврши 63-та седница и сега да знаеме дали тој Предлог на закон за измена ќе биде усвоен што од тој дел ќе биде усвоено и сега многу појасно ќе ни беше. Па, ако тогаш го усвоивме овој амандман тогаш ќе беше обврска на буџетот тие пари да ги обезбедиме.

Јасно е дека можеби пари нема, меѓутоа, ова се активности во здравството кои не смеат да престанат. Убаво кажа и претходниот дискутант се ова ќе си падне на товар на Фондот, тие дијализатори што ги имаме како хуманитарна помош веќе се на измак за месец - два и на овој осиромашен фонд што се алиментира од нашето сиромашно стопанство ќе ни ја покаже вистината за нашето здравство.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

За збор се јави господинот Ковачевски.

**СТОЈАН КОВАЧЕВСКИ:**

Почитувано Собрание, амандманот што се предлага има разлика од она што беше програма на Министерството за здравство. Во што е измената?Комисијата за здравство одлучи во амандманот да предложи да влезат дел од средствата потребни како специфика во дијализата при лекување на трансплантираните болни, болните од шеќерниот дијабет и други позиции. Таа позиција претпоставува една десетина од трошоците што беа предложени со програмата на Министерството. Зошто е така? заради тоа што претходно се кажа заради хуманитарната помош која интервенираше во овие области и прилично ја заздрави состојбата,

меѓутоа, тие средства и лекарства и други помошни помагала што се добиваат не се доволни до крајот на годината да ја изведат терапевтската програма кај овие болни. Значи, се оди со дел од материјалните трошоци што претставува една десетина за да влезе како позиција која стално ќе не опоменува и ќе ги опоменува сите парламенти и после нас и сите здравствени работници и сите влади би рекол. Зошто? Проценките одат до таму дека материјалните трошоци за дијализа се толку големи што минатата година 700 болни. оваа година 800 прават материјални трошоци колку што прават 700.000 осигуреници. Што значи тоа? Кога бројот на болните на дијализа ќе порасне на 2000 тоа значи дека ќе прават трошоци онолку колку што изнесува бројот на населението во Републиката. Значи, 2000 болни н дијализа ќе трошат колку 2 милиони жители на Македонија.-Затоа треба оваа позиција на време да се внесе како позиција во Републичкиот буџет во буџетските средства за да се интервенира не со сите средства, туку со дел од средствата, заради тоа што фондот за здравство ниту се откажува ниту може да се откаже од овие болни и сигурно стандардните средства за лекуваше на овие болни треба да ги покрива. Овде станува збор само за оние специфични средства што се наменети само за дијализа, а овие болни и се разболуваат и имаат право да бидат болни и од воспаление на белите дробови, имаат право и да кршат нозе и да имаат воспаление на мозокот итн. и сето тоа се лекува од Фондот за здравство. Значи, зборуваме за делот кој претпоставува материјален трошок од дијализа.

Нешто што ние меѓу здравствените работници имаме проблеми дека овие болни некој ги смета дека се отпишани и дека треба здравството полека полека да се откажува од овие болни, што мислам дека не е во ред, од причини што ние во Македонија степенот на лекувањето на овие болни е толку на ниво што имаме болни на дијализа

V/4

кои редовно се во полн работен однос со полно работно време. Имаме болни кои станале мајки како пациентки на дијализа. Трансплантирани болни кои станале мајки како трансплантирани и нивните деца веќе одат на школо. Спрема тоа, не треба да ги сметаме овие болни за отпишани, туку сите треба да се грижиме подеднакво за нив како и за сите граѓани на оваа Република, а да не зборувам дека во светот познати се и претседатели на држави кои биле и пациенти на дијализа и ги обавувале највисоките државнички функции како што се претседателот на Австрија, бившиот претседател на Советскиот сојуз. Еден од бившите да не ги именувам на оваа говорница итн. Ако кажам дека во Македонија има пациенти на дијализа кои живеат по 15 и 20 години со дијализата, тогаш мислам дека сликата ќе биде појасна и нашата грижа не ќе може да биде одмината. Оттука сметам дека, јас ја разбирам позицијата на Владата дека во оваа сиромаштија е многу тешко да се издвојат средства за нови позиции кои не биле предвидени до сега, меѓутоа, ве молам оваа процедура е од март месец веќе на Комисијата за здравство е во тек. Вложени се големи напори, а правени се консултации со повеќе министерства, меѓутоа, ајде уште еден напор да направиме да влезе позицијата, па Владата со посебна програма нека оцени колкави се можностите и оваа позиција да стане трајна, а на предлог на Министерството Владата одлучува колкави се можностите за интервенција од страна на Буџетот за да се помогне на Фондот за здравство кое не може објективно да ги издржи трошоците посебно од дијализа.

На крајот би рекол сигурно Министерството и министерот ќе каже од каде средства, па покрај она што е предложено во амандманот јас би додал цигарите, бензинот, алкохолот оти еднаш ова Собрание се изјаснуваше дека треба да од овие позиции макар и со додатно зголемување на цените да се -издвојат средства за овие ризични фактори во здравството.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор господинот Трпчевски.

**ДУШТАН ТРПЧЕВСКИ:**

Почитувано Претседателство, дами и господа, како известител на Комисијата за здравство во потполност се согласувам со дискутантите д-р Садику,д-р Митевски и д-р Стојан Ковачевски. Не би сакал да ги повторувам нивните податоци, меѓутоа би изнел уште неколку со тоа што пред овој Парламент вистината за потребите и овој амандман да влезе во составот на Буџетот се разбира во скромни износи.

Состојбата во здравството навистина е неодржлива. Навистина се наоѓа во еден систем кој е во распаѓање од финансиска гледна точка. Потребите на здравството за првата половина од 1993 година изнесуваат некаде околу 213 милијарди стари денари, меѓутоа во Фондот за здравствено осигурување се собрани се на се околу 45%, а тоа значи некаде помалку и од 50 некаде под 100 милијарди стари денари. Тоа е еден податок кој секого треба да го загрижи.

Здравствените работници не се тие кои треба да ги соберат парите од осигурениците односно тие што учествуваат со својот придонес. Тоа треба да го направи државата со своите механизми, а на здравствените работници да им овозможи стварно лекување и тоа успешно лекување како на сите болни така и на овие болни.

Ако кажеме дека потребите за дијализа изнесуваат некаде околу 20 милијарди стари милијарди, а ние со своето барање само некаде 2 милијарди стари денари бараме, тоа значи само дека десетина, мислам дека сме отишле многу повеќе отколку скромно отколку за некои други потреби.

Трето, што би сакал да го истакнам овде е тоа потребите на дијализери кои за оваа година за наша среќа, на среќа на здравствените работници, на среќа на болните од оваа болест односно кои се наоѓаат

на хронична дијализа се од помошта на меѓународните организации. Меѓутоа, таа некаде до крајот на овој месец или најдоцна до крајот на идниот месец ќе се истроши и во тој случај се прашуваме од каде ќе се најдат пари да се набават овие дијалитери. Не само дијализерите линиите кои се потребни за обавување на оваа дијализа, иглите, разни хемикалии и др.

Спрема тоа, го молам овој Парламент навистина, иако потребите од страна на Владата во однос на Рестрикцијата на Буџетот за оваа 1993 година сепак да смогне снаги за да се задоволат овие минимални потреби што се бараат со овој амандман.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор госпоѓа Марковска.

**ГУЛИСТАНА МАРКОВСКА:**

Почитувани пратеници, нема многу да зборувам за овој амандман од проста причина што ние секоја година носиме буџет и секоја година оваа ставка од голем број лекари овде е поддржана, меѓутоа, само ќе спомнам дека овој проблем не е само од март тој е проблем од пред 3 години и сите 17 пратеници се залагаа, голем дел од пратениците но ме зачудува индолентниот однос на ставот на Министерството за здравство кое не најде за сходно на Владата посериозно да разговара затоа што ние одржавме три седници специјално за дијализа потоа имаше и други разговори, координации на повеќе нивоа и не се најде никаква можност сепак овој и те како значаен дел кој продуцира 40% од вкупните материјални трошоци односно дека голем дел од севкупната загуба во здравството не се најде можност сепак еден дел да биде покриен односно здравството и понатаму оди во колапс и да не се знае до каде ќе стигне. Затоа навистина апелирам до свеста на сите пратеници да најдат

можност овој амандман го најде своето вистинско место во Буџетот односно да влезе само со оваа ставка со која е предвидено и покрај тоа што тоа не ги покрива вистинските трошоци.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор господинот Митко Анастасовски.

**МИТКО АНАСТАСОВСКИ:**

Видете како паѓаме на испит. Втор пат паѓаме на испит. Малку треба убаво да резонираме и да мислиме. Оваа сума е мала таа е од 50 намалена на 20 милиони за здравјето на некои луѓе кои бараат помош Некој од нас можеби тие пари ги има не јас, некој има повеќе пари Меѓутоа, државата тука треба да обрне повеќе внимание затоа што зависи животот на човекот. Докторите не се борат во моментот за нив, се борат за тие луѓе не дај боже може на секому да му се случи.

Каде ќе се најдат средства? 20 или 50 милиони. Ќе се скрати софрата и симпозиумите. Гледам јас на телевизијата убаво ги следам работите секој ден сме подготвени да пречекаме, да се наручаме не во Скопје туку бараме во Охрид, бараме да одиме во Дојран се собираат 200 души јадат, пијат 5 дена. Големи стручњаци господата, не сакам да навредувам никој од нас тука, не 20, не 50,туку потрошија 100 милиони, а докторите бараат 50, Владата им ускратува, а Владата можеби нема таков буџет. Не сакам никој да ми се лутите, туку да се каже вистината да се гледа вистината во очи затоа сме тука ние. Докторите бараат да им помогнат на болните. Дајте да ги скратиме тие трошоци, а да дадеме на здравството. Овој амандман убаво гласи да се даде за дијализа и за незнам што друго да се спаси еден, два,три, да се продолжи животот на тој млад човек или постар да го види детето малку попораснато. Но, не сакам да навлегувам во тие емоции.

Спрема тоа, јас сум да се прифати овој амандман, а да се најдат средства, јас незнам колку Владата има предвидено за такви софри што се прават во овие времиња кога ни требаат пари и за други социјални проблеми да решаваме.

Толку сакав да кажам,а сакам да кажам нешто друго и за,ама сега не го кажувам. Ви благодарам.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор господинот Крстевски.

**НИКОЛА КРСТЕСКИ:**

Јас сум , исто така, против овој амандман бидејќи ова прашање не се решава. Ова е строго стручно, сметам Министерството за здравство си имало согледувања, на претходната седница со измените на Законот за здравството целосно овие прашања се решаваат, превентивата и другите прашања. Да не се правиме сите пратеници и уште подобри лекари, во таа смисла ние можеме да штитиме човекова околина, вода, комунални работи, во тоа да даваме, тие едни народни амандмани во таа смисла. Овде самото Министерство оценило дека не треба да интервенира, за наредната седница кога целосно ќе се решава ова прашање и да не одиме ние во секоја ситуација од триесет извори се, имаме редовен здравствен придонес, па сега во Буџетот, па со новиот закон целосно оваа проблематика се опфаќа. Јас сметам дека треба да се прифати, меѓутоа, со другиот закон ова прашање целосно ќе се разреши и сметам дека не треба да го прифатиме овој амандман.

**ДУШАН ТРПЧЕВСКИ:**

Во прилог на реплика на г-динот Крстевски би го рекол следното:

Шест месеци овој закон односно предлогот за изменување и дополнување на законот за здравствена заштита е во процедура. Јас мислам би требало искрен да биде и министерот г-динот Хајредини, па и тој да каже колкупати и тој бил и во неговото Министерство, а и на тие комисии во Владата, па за да кажат дека и Министерството за здравство интервенирало со зголемување на износот за дијализа некаде најмалку за 5 или 6 милијарди стари денари.

Според тоа, искажувањето на г-динот Крстески во овој случај дека со донесување на новиот закон за здравствена заштита ќе се решат сите овие проблеми, мислам дека е илузорно. Рековме дека бараме еден сосема минимален дел, една десетина, а ако тоа нешто не претставува за некого , мислам за здравството иако тоа е една капка во чашата вода, сепак еден мал придонес претставува не само за лекување на овие безнадежни случаи, кај кои ако се запре процесот на дијализа или по право да речеме дури се одречи дијализата од трипати неделно на двапати или од двапати неделно на еднаш или од еднаш на ниеднаш, во тој случај и овој пат пак ќе речам дека и онака нарушеното здравје скоро на сите системи со неизвршувањето на редовната дијализа животот на овие болни ќе дојде сигурно под знак прашање за неколку недели.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали уште некој бара збор?(никој).

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака?

Триесет и пет гласа доби овој амандман.

Констатирам дека Собранието не го усвои.

**ПОВЕЌЕ ПРАТЕНИЦИ:**

Поединечно гласање бараме.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има 10 пратеници кои тоа го бараат.

Молам, секретарот да пристапи.

**ИГОР СПИРОВСКИ:**

ФАИК АБДИ - не е тука

ГАЗМЕНД АЈДЕРАГА - воздржан

ЕШТРЕФ АЛИУ - не е тука

ХАМИД АЛИУ - не е тука

МИТКО АНАСТАСОВСКИ - за

СТОЈАН АНДОВ - не е тука

ТИМЕ АНДОНОВ - не е тука

ГОЦЕ АНДОНОВСКИ - не е тука

НИКОЛА АПОСТОЛОВСКИ - за

ЛАМБЕ АРНАУДОВ - не е тука

ДРАГИ АРСОВ - не е тука

БРАНКО АРСОВСКИ - против

ДУШКО АРСОВСКИ - не е тука

ГОРГИ БОЈКОВСКИ - против

ЈОРДАН БОШКОВ - не е тука

ЉУПЧО ГЕОРГИЕВСКИ - не е тука

АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ - не е тука

ВЛАДИМИР ГОЛУБОВСКИ - воздржан

ПЕТАР ГОШЕВ - не е тука

ДРАГИ ГРОЗДАНОВСКИ - за

САНДЕ ДАВЧЕВ - не е тука

РАТКА ДИМИТРОВА - не е тука

ДИМИТАР ДИМИТРОВСКИ - воздржан

ТОДОР ДИМОВ - воздржан

ДОСТА ДИМОВСКА - за

БОРКО ГОРЧЕВСКИ - за

ДУШКО ГОРГЕВСКИ - не е тука

ПЕТАР ГЕОРГИЕВ - воздржан

ЗУДИ ЕМИНИ - воздржан

ЈОРДАН ЗАФИРОВ - воздржан

ГОРАН ЗАФИРОВСКИ - не е тука

НАСЕР ЗИБЕРИ - воздржан

ВАСИЛ ЗИМБАКОВ - не е тука

ВАНЧО ЗЛАТАНОВ - не е тука

БОРИС ЗМЕЈКОВСКИ - не е тука

ИВАН ИВАНОВ - не е тука

ЉУБОСАВ ИВАНОВ - не е тука

ЈАКИМ ИВАНОВСКИ - воздржан

СИМЕОН ИВАНОВСКИ - не е тука

ЉУПЧО ЈАКИМОВСКИ - не е тука

РИСТО ЈОВАНОВ - за

ЦВЕТАН ЈОВЧЕВСКИ - за

РИСТО ЌЕЛЕШОВ - не е тука

ТАШКО КИРОВ - за

ЗОРАН КИТЕВ - за

КИРИЛ КОВАЧЕВСКИ – за

СТОЈАН КОВАЧЕВСКИ - за

ГОРГИ КОТЕВСКИ - не е тука

ЗОРАН КРСТЕВСКИ - воздржан

НИКОЛА КРСТЕВСКИ - против

БИЉАНА ЛАЗАРЕВСКА - за

ВЕЦКО ЛИЧОСКИ - за

КОЛЕ ЛУЛОВСКИ - за

ЕФТИМ МАНЕВ - за

ЈОВАН МАНЧЕВСКИ - за

ГУЛИСТАНА МАРКОВСКА - за

ФЛОРЕ МАСАЛКОВСКИ - не е тука

МАРИН МИЛЕНКОВСКИ - против

СТРАШО МИЛКОВСКИ - не е тука

ПАНЧО МИНОВ - не е тука

ВЛАДИМИР МИТЕВСКИ - за

ТРАЈАН МИЦЕВСКИ – за

ВАНЧО МЛАДЕНОВ - не е тука

ЏЕЛАДИН МУРАТИ - не е тука

АВДИ МУРТЕЗАНИ - не е тука

НАИФ МУСТАФА - против

ПАНЧЕ НАСЕВ - не е тука

СЛАВЕ НАУМОВСКИ - за

СИМОН НАУМОВСКИ - не е тука

БОГДАН НЕДЕЛКОВСКИ - не е тука

ЈОВАН НИКОЛОВ - за

ДУШАН НИКОЛОВСКИ - за

МИХАИЛ ПАНОВСКИ - не е тука

ТОДОСИЈА ПАУНОВ - против

ТИТО ПЕТКОВСКИ - воздржан

ТОДОР ПЕТРОВ - не е тука

ТОМИСЛАВ ПЕЦАКОВ - не е тука

МЕРСИЛ ПОЛОЖАНИ - не е тука

ДИМИТАР ПОПОВСКИ - не е тука

КИРО ПОПОВСКИ - воздржан

ЉУБОМИР ПОПОВСКИ - не е тука

НИКОЛА ПОПОВСКИ - не е тука

ШАБАН ПРЕВАЛА - не е тука

БОЖО РАЈЧЕВСКИ - не е тука

ИСМЕТ РАМАДАНИ - не е тука

ИВАН РАМБАБОВ - не е тука

ШУКРИ РАХИМИ - воздржан

ФЕРИД САДИКУ - за

НЕИМ СЕЛМАНИ - за

НАУМ СИМЈАНОВСКИ - за

АЦО СПИРОВСКИ - не е тука

РИСТО СТАМЕНОВ - не е тука

РИСТО СТАНКОВСКИ - воздржан

ТОМИСЛАВ СТЕФКОВСКИ - за

СЛАВЈАНКА СТОЈАНОВА - воздржана

НАЌЕ СТОЈАНОВСКИ - воздржан

НИКОЛА СТОЈАНОВСКИ – за

ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ - за

СТОИЛЕ СТОЈКОВ - не е тука

ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ - не е тука

ЏЕЛИЛ ТАИРИ - за

ГОЦЕ ТЕМЕЛКОВСКИ - за

ПЕТАР ТЕМЕЛКОВСКИ - за

БЛАГОЈ ТОШЕВ - за

ПЕТРЕ ТРАЈАНОВСКИ - за

ПЕТРЕ ТРАЈКОВСКИ - за

ДИМИТАР ТРПЕНОВСКИ - за

ДУШАН ТРПЧЕВСКИ - за

АГИМ ФАЗЛИУ - не е тука

АЛЕКСАНДАР ФЛОРОВСКИ - за

МУХАМЕД ХАЛИЛИ - не е тука

АБДУРАХМАН ХАЛИТИ - не е тука

БЛАГОЈ ХАНЏИСКИ - воздржан

СЕЈФЕДИН ХАРУНИ - не е тука

СТОЈМИР ЦВЕТКОВСКИ - за

НЕЏАТИ ЏАФЕРИ - воздржан

АЛИЛ ЏАФЕРОВСКИ - не е тука

ВЕБИ ЏЕМАИЛИ - за

БЛАГОЈА ЧКАТРОСКИ - не е тука

ХИСНИ ШАКИРИ - не е тука

(во меѓувреме во салата влегоа пратениците Панче Минов и Ештреф Алиу и гласаа).

ПАНЧЕ МИНОВ - за

ЕТРЕФ АЛИУ - воздржан

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали има некој непрозван? (нема)

(по пребројувањето на гласовите)

Вкупно гласале 65 пратеници. 40 пратеници се за, 6 пратеници се против и 19 пратеници се воздржани.

Според тоа, помина амандманот. Најмалку една третина е 40 пратеници, од 120 пратеници 40.

Има збор г-динот Џевдет Хајредини.

**ЏЕВДЕТ ХАЈРЕДИ**

Бараме исто така прекин на седницата. Пауза, само ние не знаеме сега дали ќе можеме да изградиме став. Владата се доведува со вашите закони што сте ги донеле - ние немаме ни администрација сега. Бараме прекин на седницата.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Добро беше да добиеме Информација дека Одлуката за времено финансирање престанува да важи на 1 јули, среда. Ние или ќе треба да донесеме одлука за продолжување на Одлуката за времено финансирање или ќе мора да го усвоиме Буџетот. Трета алтернатива нема. Според тоа, немаме друга алтернатива освен да прекинеме да дадеме шанса Владата да се произнесе.

**ЏЕВДЕТ ХАЈРЕДИНИ:**

Треба измена на Законот за времено финансирање, за ограничување на јавната потрошувачка и кажано е , се е кажано, ние не можеме поинаку да се однесуваме освен со кажување. Имаме закон донесен од ова Собрание за ограничување на јавната потрошувачка во кој е димензионирана во апсолутен износ буџетската потрошувачка. Тоа е ваш закон, Вие сте го гласале. Со овој амандман го зголемувате за 20 милиони. Треба да се вратиме да го менуваме прво тој закон. Законот за системот на финансирањето, системски закон е.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Добро е да ни кажете колку важи Одлуката за времено финансирање, само 6 месеци, не може повеќе.

**ЏЕВДЕТ ХАЈРЕДИНИ:**

Со Законот за системот за финансирање, времено финансирање може да има до 1 јули односно 30 јуни. Не може и да продолжи Собранието понатаму тој рок. Ми се чини дека се е кажано. Меѓутоа, Владата па и јас лично не навлегувам во други мотиви, тоа што треба да се каже се кажува и тоа вистинито, не со лаги. Ова што се кажува овде е

се вистина. Кој сака да се рамни спрема вистината да, кој не сака тоа е друг проблем.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Госпоѓата Марковска бара збор процедурално.

**ГУЛИСТАНА МАРКОВСКА:**

Почитувани пратеници, јас истапувам принципиелно, меѓутоа, и процедурално. Доколку секој еден усвоен амандман предизвикува пауза и прекинување на седницата, се прашувам зошто ние овде седиме и дали треба Буџетот да се усвои со акламација. Очигледно дека да, затоа што никаде во светот прво буџетската година не е продолжена за 6 месеци како кај нас, сега се прети со продолжување на буџет- ската година за уште 3 месеци, тоа значи дека ние нема потреба да донесуваме буџет, дека приходите и расходите во оваа држава ќе одат на контрола на Владата.

**ЏЕВДЕТ ХАЈРЕДИНИ:**

Никаде во светот пратениците немаат право да предложат и закон за создавање на обврски за државата. Прво предлагаат извори на средства, па потоа зголемување на расходите. Само кај нас може до гласање да се зголемат позициите од буџетот. Јас реков дека пратениците учествуваа во претходната постапка за усогласување на расходите на државата и никој друг. Според тоа, правилата на играта се сосема Јасни. Не може со закон и со предлози да се создаваат пари во земјата. Со закони само постојните пари се распоредуваат и се прераспоредуваат. Кај нас е многу лошо сфатено. Предлагам ова да се зголеми, ама не предлагам што да се намали. Ние сме исправени пред една таква невозможна ситуација. Како ќе излеземе, ќе видиме сите, последиците ќе ги чувствуваме сите, не само Владата туку и

Парламентот и народот и граѓаните. Сето тоа се гледа и јасно е како е во светот. Камо среќа да се приближиме до светот. Значи, тврдам, пишува во науката дека пратениците немаат право туку Владата да предложи закони за задолжување, за создавање обврски од Буџетот.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Објавувам пауза до 17,00 часот.

(паузата отпочна во 16,20 часот).

VII/1.-j с/сј

(По паузата седницата продолжи со работа во 17,15 часот)

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Продолжуваме со работа?

Претставникот на Владата, г-дин Хајредини побара пауза. Ве молам да слушнеме што е предлогот на Владата.

**ЏЕВДЕТ ХАЈРЕДИНИ:**

Почитувани пратеници, прашањето на односот меѓу Фондот за здравство и буџетот е комплексно прашање. Ние, од контактите што сме ги имале со господата пратеници доктори и директните контакти и во расправите на комисиите укажано е дека овој проблем не е целисходно да се реши на овој начин. Затоа, молиме Парламентот да го прифати Амандманот на Владата како составен дел и да се врати првобитната состојба да не се доведеме во оваа ситуација во која бевме доведени, а остануваат и натаму напорите на Владата во рамките и на Законот за здравствена заштита и на Буџетот во иднина и во односот со другите програми за превентивна заштита со помошта што се добива од странство на прашањето на дијализата да и се посвети најсериозно внимание. Ова го предлага Владата од оваа ситуација подобро да излеземе бидејќи ова не е начин на кој може овој проблем да го решиме. Многу е посложен, многу повеќе бара и решавање на други односи со Фондот за да можеме во иднина крајно да ги решиме тие инаку отворени прашања. Облиците на превентивна здравствена заштита кои што треба да паднат во Буџетот. Нека прво се расчистат тие односи со Законот за здравствена заштита. Тоа што таму ќе се одлучи Владата натаму на тој начин и ќе се равња во обезбедување средства за соодветните програми.

Ве молам, ова да го имате во предвид и да го прифатите овој Амандман.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Бидејќи овој амандман на Владата практично станува со- ставен дел на Предлогот на Републичкиот буџет тие што имаат намера односно поинаку мислат можат до крајот на расправата да поднесат амандман.

Отворам претрес по амандманот на раздел 29, позиција 368 поднесен од Комисијата за градежништво и урбанизам.

Молам, претставникот на Владата да се произнесе.

**ЏЕВДЕТ ХАЈРЕДИНИ:**

Амандманот на Комисијата за градежништво и урбанизам, на страна 19 во раздел 29, Министерство за информации во позиција 368 учество во финансирање на јавни гласила пред зборовите "Јавни гласила" да се додаде зборот "општинските". Владата не може да го прифати од причини што Македонската радио-телевизија односно нејзин основач е ова Собрание и доколку ова собрание го прифати овој амандман средствата да бидат исклучиво за општинските радиостаници ја исклучува можноста да од оваа позиција и од идните евентуални ребаланси да се финансира и дел од потребите на Македонската радио-телевизија, туку однапред е прејудицира ова да биде забрането, а сите средства предвидени во позицијата да одат исклучиво за општинските радиостаници.

Концептот е на Владата, позицијата да биде јавни гласила со цел Владата кога ќе ги дели овие средства од оваа позиција да не и бидат врзани рацете, дел од средствата по потреба да ги даде и за Македонската радио-телевизија.

Ние го зголемивме тој износ, ве молам, еве да ве информирам само (реакција на некои пратеници од место).

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Немојте од место, секој ќе добие збор.

**ЏЕВДЕТ ХАЈРЕДИНИ:**

Македонското радио се соочува со сериозни проблеми околу техниката, застарена техника и бараат средства да се модернизира таа техника. Со ова што пишуваме само општинските ние испаѓа дека ова Собрание ја исклучува можноста од буџетот да се финансира и македонската радио-телевизија и цела позиција да биде исклучиво за општин- ските радиостаници и гласила.

Според тоа, од овие причини не прифаќаме, со посебна одлука да се делат овие пари.

**БИЉАНА ЛАЗАРЕВА:**

На нашата Комисија се разгледуваше ова прашање и претставникот на Министерството за финансии г-динот Димитар Додевски објасни дека всушност се работи за финансирање на општинските јавни гласила, бидејќи во Нацртот на буџетот токму си стои во истиот раздел и истата сума, учество во финансирањето на општинските јавни гласила, додека во Предлогот истата сума, учество во финансирање на јавните гласила. Јас мислам а и Комисијата констатираше така дека оваа е општо отворено прашање, што значи не мора да се дадени само за македонската телевизија, а ние овде требаше да разгледуваме една информација за состојбите во Македонската радио-телевизија, во Статутот на МРТ, обврските на ова Собрание према МРТВ и Комисијата констатира  дека треба да се врати овој

раздел назад и да стои учество во финансирањето на општинските јавни гласила.

Инаку, сакам да кажам дека ова вака општо отворено прашање учество во финансирањето на јавните гласила дозволува да ние пратениците одобриме средства за некои средства за јавно информирање кои што ова собрание го дискриминираат до тој степен овој државен орган да многу лошо се огласува надвор од нашата Република, а има разни примери за тоа и затоа би сакала овде да се дефинира точно и да се дефинира објаснувањето од министерството бидејќи нашиот претставник, во нашата Комисија имаше сосема друго мислење од министерот за финансии. Па, јас ве молам, еве едно вакво објаснување.

**НИКОЛА АПОСТОЛОСКИ:**

Почитувани пратеници, сега со излагањето на министерот навистина овде, одиме со недоразбирање, затоа што претставникот на Владата во присуство на Комисијата кажа дека тоа повеќе наликува на некоја техничка грешка затоа што Нацртот имаше еден сосема друг наслов и сега се јави една контрадикторност. Истото тоа министерство го правеше Нацртот, а сега и Предлогот. Причините, ако се овие што пред малку ги објасни министерот зошто тогаш не биле согледани. Од една страна предвидени средства за општинските јавни гласила, а сега прејудицираме дека тие средства ќе се пренаменат и ќе бидат за МРТВ. Ако не е така, тогаш зошто нема да стои како што беше и «о самиот нацрт. Ние го знаеме каков е нивниот статут, се финансираат на различен начин се додека не дојдат некои позитивни законски прописи и не се каже нивното финансирање редно би било како што беше во Нацртот така да остане и текстот. Мислам ова наше мислење на Комисијата го потврдуваат уште 29 локални радиостаници што би значело не сме осамени инаку ние со еден страв го поднесовме ова

сметајќи дека нашата Комисијата за урбанизам не би требало да навлегува во другите министерства во однос на распределбата додека за нашето министерство кажавме доста меѓутоа за жал, еве слушнавме денеска и оние средства кои што беа предвидени се одземаат, но викам пак ова ако е грешка, грешка е на самото министерство што првин предлагало нешто во самиот нацрт, а сега сосема нешто друго. Во ред е, ова да се прифати, бар така начелно бевме запознати на самата Комисија дека овој амандман ќе биде прифатен ако не на самата комисија ќе биде прифатен овде на самата седница.

Еве ова зачудува до вчера едно се збореше, а денеска друго. Ваков однос ми се чини дека навистина е малку несериозен.

**ПЕТАР ТРАЈКОВСКИ:**

По ова што се случи денеска јас сакав пред малку да станам процедурално да се повлечат сите амандмани бидејќи не може ниеден да помине. Имаме ние тука еден допис од Здружение на локалните радио-станици на СРМ. На Комисијата пред некој ден на мое прашање беше одговорено дека се и општинските гласила се јавни гласила во тој став, во тие средства, па потоа имаше одговор некаде превработени итн. Ние знаеме дека во државава имаме 29 такви јавни гласила но се заборава да се каже дека во повеќето од нив во некои општини се вработени по двајца,тројца или петмина повеќе има вработено како Прилеп но таму имаме центар за печат, радио и телевизија, има радио со 15 до 20 саати програма, телевизија и неделен весник. Истото е и во Куманово и во уште една две општини кои што имаат 10-15 луѓе вработено. И, повторувам другите општински јавни гласила се по двајца, тројца до пет луѓе вработени што мислам дека не треба да биде проблем при оваа заврзлама сега што ни се прави овде бидејќи досега се ставени

три одговори. Ние ја знаеме потребата од јавните гласила по општините, нивната слушаност, бидејќи на тие програми и тие весници се обработуваат и информации точно од локален карактер. Само еден пример. Македонската телевизија во вториот или третиот весник ќе каже дека децата тие и тие со автобус пристигнале во летувалиштето тоа и тоа, а ние знаеме дека од сите градови одат деца и на одмор итн. Значи таа телевизија повеќе служи за Скопје, отколку за тие општини.

Како што напомнав вработените не се многу и тие не треба да бидат проблем, ние знаеме дека тие општински гласила не вршат никаква наплата, а ние знаеме дека МРТВ врши присилна наплата и во последно време со закана на Владата, лично од премиерот, се пушти низ етерот на Македонската радио-телевизија на еден начин закана до претплатниците да плаќаат тие превисоки 11 или 12 стари милијарди динари. Додека општинските јавни гласила не можат да добијат ни динар од таа наплата од нивните слушатели како што го вршат тоа во МРТВ.

Промената во Буџетот не е така наивна бидејќи знаеме ние во Нацрт на буџетот постоеше "општински јавни гласила", таа наивност дека г-динот министер не може да ја помине овде, тоа може пак на присилен начин како денеска што видовме или утре да се јави владата со некои закани дека тоа мора така да биде. Тие може за МРТ се малку пари, а знаеме дека брзо во договорот со Владата се одвоија посебни средства за МРТВ, со цел пат од интерес на моменталната влада и моменталното раководство од телевизијата.

Овде ние знаеме едно министерство што беше за информации скоро е згаснато, па се работи за префрлање на тие средства наместо по општините за јавните гласила кои работат со многу дотрајана опрема и

во многу мизерни услови, ако се споредат со оние услови што ги има МРТВ и со 2.500 вработени и уште 1.000 хонорарно вработени во телевизијата и сета работа ќе излезе некој од министерството да добие директорско место во МРТВ. Патот на тоа е тој со ова преправање од Нацрт во предлог на буџетот за средствата што беа наменети во Нацртот за општинските јавни гласила.

Овој амандман што од Комисијата за градежништво и урбанизам го поддржувам што треба и сите претставници како што сме овде на многу општини да го поддржиме со кој нема да допринесеме за згаснување на тие општински и јавни гласила во Македонија.

**ВЛАДИМИР ГОЛУБОВСКИ.**

Сакам веднаш да укажам дека не би требало да има проблем околу прифаќањето на овој амандман затоа што не се работи за прашање дали ќе има средства и од каде тие би се обезбедиле, средствата се тука, туку само адресата треба да се промени.

Што се однесува до образложението јас сметам дека неизбежни се барем два аргумента кои што одат во прилог на моето залагање овој амандман да се прифати, пред се од принципиелната заложба на сите политички партии за рамноправен развој во Републиката, што значи и во врска со информативниот простор. Исто така може да се поаѓа од ова принципиелно прашање уште повеќе што знаеме дека општините за разлика од Скопје се поприлично зад развојот на главниот град што има свои реперкусии и на квалитетот на јавниот живот во целина во сите општини на Република Македонија, а особено сакам да нагласам уште еден додаден аргумент за општините Тетово, Гостивар, Кичево, Струга, каде што овој проблем на финансирање добива драматични негативни импликации заради тоа што средствата за информирање се оставени

пред се да се само финансираат од реклами, па на тој начин не може да стане збор за квалитетна програма која што ќе ја задоволува потребата на граѓаните во тие општини. (Пратеникот Ханџиски нешто рагира од место) во ред г-дине Ханџиски. Дали има пренос или не јас на вас ви се обраќам пратениците на владеачката коалиција бидејќи не е проблемот со другата страна проблемот за ова прашање е кај вас.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Немојте од место.

**ВЛАДИМИР ГОЛУБОВСКИ:**

Што се однесува до македонскиот збор се случува со денови во некои од овие општини во програмата на тие средства за информирање заради финансирањето да се маргинализира македонскиот збор.

Исто така, сакам да укажам и на едно мое сомневање дека Владата во случајот постапува непринципиелно заради тоа што партиите кои што ја сочинуваат владеачката коалиција имаат интерес и тоа исклучиво може преку еден ваков механизам да ги контролираат централните информативни средства а уште вчера чувме дека веќе од разни политички собири се најави отворање на предизборната кампања. Тоа е политичката димензија.

Што се однесува на самите технички недоречености сакам да укажам на фактот дека во Предлог ка законот за извршување на Републичкиот буџет во член 21 стои изворно, средствата во раздел 29 позиција 364 "учество во финансирање на општинските јавни гласила" итн., што некореспондира на вистината во документот на Предлогот што ни е даден. Во истиот тој раздел стои трошоци за информативно - пропагандни дејности во странство, значи не е усогласен. Оттаму

произлегува фактот дека Владата прилично нервозно ја променила одлуката во последен момент, па оттаму и сомневањата дека и таа нема вистински аргументи туку дека се приклонила кон дневно - политички решенија под притисок на владеачката коалиција.

**ВЛАДИМИР ГОЛУБОВСКИ: (**продолжение)

Затоа предлагам да се заштитат средствата за јавно информирање по општините и да се додаде како што предвидува и амандманот под 368 формулацијата учество во финансирање на збборчето општинските јавни гласила". Во спротивно иако тоа не може да биде типолно однесување но овој пат ќе си дозволам доколку не се прифати амандманот ќе гласам против донесување на буџетот.

**ПЕТАР ГЕОРГИЕВ:**

Почитувано претседателство, почитувани пратеници, сметам дека би требало да се разјаснат некои работи во поглед на измената што е направено во делот на финансирањето на јавните гласила од страна на Владата во моментот на изготвувањето на нацртот и сега предложениот предлог од Владата од делот на финансирањето што се однесуваше за средствата за јавни гласила за одредени намени кои што беа познат во делот на самото финансирање.

Имено, во прегледот за бројот на вработените на корисниците на Републичкиот буџет стои дека во Министерството за информации се финансираат двајца функционери и 340 други вработени во тоа министерство. Што значи дека министерството не е укинато, не е потполнето само местото министер. Активно е и во него се остварува одредена програмска цел, а тоа е финансирањето, односно средувањето во делот на програмите и реализацијата на средствата за јавни гласила односно општинските јавни гласила.

Сметам дека со тоа што ќе се прифати амандманот што сега е поднесен нема воопшто да се поремети вкупниот биланс на буџетот, а ќе се отстрани една дилема во делот на злоупотреба на една ваква нова формулација, затоа што ќе се доведе во опасност понатамошното финансирање на извршители 340 кој што на одреден начин во континуитет ги затекнавме.

Доколку се нули одредено решение што би се разрешило ка тој начин што Хе има ва друг начин да се финансира, додека не се донесе законот за јавното информирам, сметам дека овој предлог на владата држи да се прифати. Се додека не се донесе програма за вкупното информирање во Републиката, а и судбината ва средствата за јавно информирале по општините, сметам дека би можело во овој момент само со една ваква измена, на прв поглед само од технички аспект, а сметам дека ќе предизвика и големи потреби посебно во делот ва општините кои што немаат низ другите форми ва финансирањето да се одржат. Може да се случи еден кадар што го има во тие средства за јавно информирање, во еден момент да нема иднина, а после тоа повторно да го бараме, а да ве можеме да го мобилизираме. Затоа јас сум во делот на предлогот да се прифати сега амандманот, а со самото прифаќање, сметам дека не се предизвика во самото министерство што побрзо да се донесе законот за информирање, а во рамките ва тоа да се разреши и проблемот на општинските средства за јавно информирање.

**ГУЛИСТАНА МАРКОВСКА:**

Почитувани пратеници, од објаснувањето што го добивме од министерот веќе е повеќе од јасно дека општинските јавни гласила нема да добијат ни денар, туку дека средствата Ќе ги добие МТВ. Не е спорно дека таа треба да добие средства, дали во овој обем или повеќе, меѓутоа министерот има една колизија во своето излагам>е од причина што со воведувањето на амандманот во законот претходно во буџетот, претходно бараше основа во Законот за здравство, а колку што мене ми е познато сеуште не постои закон за МТВ кога што ова собрание и бараше досега да се постави на дневен ред уште од 53-тата седница и благодарение на една консултација ко]ј што заврши во СДС или не знам каде, сеуште таа консултација не е завршена. Така да без постоење на

закон, незнам како можат да се вметнат овие средства под општо мото јавни гласила, а од објаснувањето беше Јасно дека ќе отидат во МТВ. Мислам дека така не е во ред, од проста причина што и општинските јавни гласила треба да бидат на товар на оваа држава и не треба да бидат оставени сами на себе, бидејќи во многу поширок обем ја остваруваат функцијата на информирање, доколку тоа што денес го чини телевизијата.

**РИСТО СТАНКОВСКИ.**

Почитувани пратеници, јас би сакал да имаме само еден принципиелен пристап кој овој проблем, ако сакаме да дојдеме до тоа треба да се осврнеме на неколку работи.

Прво, кога зборуваме за општинските јавни гласила треба да знаеме кој е нивен основач. ВО најголем дел основач е бившиот социјалистички сојуз, или пак во некои општини тие права беа пренесени на општинското собрание. Според тоа, основачи сега во суштина се општинските собранија. Иако се тие основачи нека тие си ја преземат обврската за финансирање на овие јавни гласила. Меѓутоа, има и еден друг момент, многу од овие општински јавни гласила во периодот кога практично се Формираше овој Парламент, односно кога го имавме овој премин, бидејќи социјалистичкиот сојуз како сојуз не постои, не се пријавија собранијата да им бидат основачи, туку останаа некако да висат во воздух, па некои од нив станаа општествени претприатија, со тенденција да станат акционерски друштва. Ако не ми верувате да речеме случајот во Гевгелија е тој. Радио Гевгелија сега е општествено претпријатие и најверојатно да не го прекинавме законот на Анте Марковиќ ќе беше акционерско друштво. И во други општини е слична ситуацијата. Според тоа, ако некој треба да ги финансира, а и тоа треба да се прашаме дали треба, тоа би требало општинските собранија, односно од буџетите на општините. Дали тие буџети се доволни или не

може да разговараме за буџетите на општините. Во врска со самиот момент, до колку ги ставиме на буџет, треба да знаете едно. Секој корисник на буџетот треба до овој парламент да достави извештај и програма за работа. Овој буџет така на невидено не смее да дава пари. За било која институција секој пат било пракса да се дава извештај и програма за работа. Овој буџет таа програма и извештај ги усвои и доколку мисли дека е во согласност со политиката која ја води овој Парламент, тогаш би се издвоиле пари. Ни едно од тие јавни гласила до сен денеска се нема со ништо обратено до овој Парламент. Ниту дал програма, ниту дал извештај, нити ништо. Како некому да му дадеме пари, а од него да не бараме ништо. Или како некој да финансираме кој не знаеме што ќе работи. Тој не доставил програма за работа. Ве молам, не можеме да даваме пари на невидено. Според тоа апсолутно тезата за ова не држи. Инаку околу моментот сто се протега дека овие пари ќе бидат за МРТ, а нема да бидат за јавните гласила, веројатно и така е, меѓутоа вие што се залагавте први да не се плаќа претплата, бидејќи тој закон не бил добар или незнам што, и сите тие се залагате да не се финансира од буџет МРТ. Дали сакате да не постои МРТ. Тоа сакам да ви го поставам и сакам да ми одговорите.

**ЏЕВДЕТ ХАЈРЕДИНИ:**

Прво никаква колизија нема во нашето излагање, легитимно е правото на Владата да интервенира во текстот на нацртот, како што е легитимно право на сите други. Ние изнесовме ако се спореди предлогот со нацртот, прифатени се и многу други сугестии од пратеници, од комисии, од расправата. Според тоа тука ништо не е чудно, зошто било тогаш таму.

Второ, ние не велиме овде дека нема да се финансираат локалните радио станици. Ќе се финансираат од овие средства може да

се финансираат 100% повторно да одат парите за нив. Значи, тука апсолутно не станува збор за тоа. Ние ограничуваме да стои општинските и логично е Парламентот бидејќи не е општински Парламент туку републички, дури требаше да има амандман, бидејќи во еден републички државен буџет не треба да стои општински туку јавни гласила. па државата таму каде што ќе треба ќе најде за сходно и таму се интервенира. Господа, претстои голема трансформација, имајте го предвид членот 55 од Уставот, ова не е дејност во која нема да продрат пазарните законитости и на МРТ и на општинските и подобро е што побрзо да сфатат, дека не ќе може со пратенички залаган>а вечно да останат на позиции на кои биле досега, органи на социјалистичкиот сојуз итн. Факт е дека државата денес нема сеуште пред парламент и пред влада излезено со концепт каков ќе биде односот на државата спрема средствата за јавно информирање, не само радио станиците туку радијата, телевизијата, весниците итн. и тоа најитно треба да се направи и тоа е факт. Меѓутоа, со ова залагање тие односи, тие состојби, со стариот систем наследени институции, општински радио станици и т.н. треба што побрзо да сфатат дека тоа нема да остане така и тоа е подобро за нив. Што повеќе го одлагаме тој процес 360 души да се надеваат дека вечно ќе бидат на товар на републичкиот буџет, тоа јас јавно кажувам може и да се прифати амандманот, само тоа нема да биде и ако биде тоа сеуште овој Парламент не е начисто дали е за коренити реформи, дали е за трансформација на сите видови институции и т.н. или остануваме декларативно за реформи, а фактички кога доаѓаме овде за задржување на институциите на стариот систем. Јас ќе бидам секогаш против тоа и од ова место и од друго место. Што побрзо се сфати, подобро е и за нив. Овде поради таквата состојба наследена, ние даваме можност да не одиме одеднаш, туку, ако имаме за општинските, треба да предлагаме позиција, републичките гласила. Ова Собрание треба

повеќе да се интересира за образложенија што беа изнесени за републичките, отколку за секо^а општина. Други се односите колку која општина може и т.н. Меѓутоа, пазарната логика, ќе мора и во областа на информирањето да навлезе. И тоа и во локалните радио станици. Како преодно решение ние не одиме кон тоа тие да се бришат, туку даваме можност, во зависност од конкретните ситуации каде да интервенираме со овие средства. Исто така за овие средства кој живее во илузија дека се доволни да ги решат проблемите на МРТ, тие се сосема минимални за таа намена. Според тоа, дискутабилно е инсистирањето да се пишува само општинските. Владата не ги исклучува нив. Амандманот ги исклучува одредени субјекти, а инсистира само на општинските, што ние не гледаме логика.

**БИЛЈАНА ЛАЗАРЕВСКА:**

Во целост го поддржувам министерот дека треба целосни реформи во оваа проблематика, но незнам како Владата од 2 април 1993 година кога во нацртот предложи општински јавни гласила, толку многу радикално се промени до сега 14 јуни кога го предлага предлогот на буџетот каде што вели само јавни гласила. Инаку на прашањето на еден дискутант мислам дека беше од Гевгелија пратеникот, не се извинувам од Струмица или од Богданци, тој кажа вака дека не можат да се финансираат општинските јавни гласила, без програма и без извештај. И за МРТ не сме разгледувале ние овдека на Собранието ниту извештај ниту програма за МТВ. Без закон не може да се финансираат јавните гласила. Владата треба инаку да си го донесе законот за локалната самоуправа со што ќе се регулираат многу работи, со што општината најверојатно ќе си преземе финансирање на јавни гласила или не, а бидејќи ова е сосема отворено прашаше, каде што вели учество во

финансирање на јавните гласила, а знаеме дека и нова Македонија некои котизации, по некои други форми од буџетот добива средства. Ќе цитирам едно прашање на новинар од 26 јуни, тоа е Александар Шулаковски кој што во едно интервју поставува вакво прашање:"Не мислите ли дека проблемот е на многу ниското "ниво на кое се води политиката, па така станува занимање од втор ред. А за паметните луѓе е недозволено мешање со примитивците од оној вид како што ги гледаме во Парламентот. Во Парламентот постојат повеќе политички партии меѓу кои политичките партии на коалицијата кои што ја составуваат Владата, па така да примитивците се преселуваат и во Владата. И истата Влада некој кој ги нарекува примитивец донесуваат издвојување на средства

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Ве молам ви одземам збор. Немате право овдека да говорите. Станува збор....

**БИЛЈАНА ЛАЗАРЕВСКА:**

Јас само цитирав што еден новинар кажал. Никој пат досега не сум употребила навредлив збор. Исто така во образложението што Владата го даде на предлогот на Републичкиот буџет, овдека се објаснува дека за да се избилансираат корекциите од нацртот на буџетот до Предлогот на буџетот, меѓу другите интервенции се и намалување на средства и усогласување на платите околу 40 милиони денари, со што општествените организации кои што се на буџет како што се професорите, лекарите, административците, се скратени од нивните лични доходи, да се финансира нешто друго. Ве молам ако се овие средства за финансирање на општинските јавни гласила, тогаш нека си останат, ако не, како што кажа министерот подобро нека се укине оваа стапка, па кога ќе се донесе законот за МРТ тогаш, во ребалансот на

буџетот нека се интервенира со нови средства.

**РИСТО СТАМЕНОВ:**

Прво, јас мора да реплицирам. Јас си имам место на живеење за разлика од претходната госпоѓа која нема точно место на живеење, таа знае зошто нема. Што се однесува до другиот дел, ќе и објаснам после ако сака. А што се однесува во однос на другиот дел што беше спомната МРТ, колку за нејзино информирање, ние имаме точка на дневен ред за МРТ, колку за информирање на претходниот пратеник ние сме основачи на македонската радио телевизија, односно ова собрание, и колку за информирање на претходниот дискутант, ова собрание го бира директорот на МРТ. За ниеден директор во другите општински гласила ниту сме прашани, ниту некој пак ќе побара мислење и кажав дека практично ние не ќе имаме никакво влијание некаде, а и ќе даваме пари.

Што се однесува до употребата на цитати, барем треба да се бира кого се цитира. Не може секој што ќе напише нешто да цитираме Ако госпоѓата таму се наоѓа себе си, тоа е нејзин проблем. Јас во тоз текст не се наоѓам.

**БИЛЈАНА ЛАЗАРЕВСКА:**

Јас сакам сако да му се извинам на господинот Станковски, бидејќи во моментот навистина не знаев од каде доаѓа. Кога кажав Гевгелија другите реагираа и кажаа дека е од Богданци или Струмица, јас затоа се коригирав мислев дека вашите колеги коректно ме исправуваат.

**НАУМ СИМЈАНОВСКИ:**

Почитувано претседателство, почитувани пратеници, очигледно е дека секој слободен момент се користи за информативно пропагандна дејност или како поточно тоа го кажуваме маркетинг личен или партиски а не за продуктивно вклучување во расправата и разрешување на овој проблем.

VIII/9

За една таква продуктивна дискусија ќе ја ценам и мојата, бидејќи навистина би сакал да се реши овој постоечки проблем. Имено, ова е едно техничко прашање, очигледно дека пости неусогласеност со самиот предлог на буџет, со законот за извршување на Предлог на буџетот, каде во чл.21 од истиот се тангира истата проблематика. Образложувањето на министерот во целост го поддржувам по однос на предлог на буџетот, но по однос на предлогот на законот за извршување на републичкиот буџет во чл.21 се споменува дека финансирањето се извршува на општинските јавни гласила. Би сакал да имам една комплексност во ставот на Владата и би сакал министерот да даде образложение дали во Предлогот на извршувањето на буџетот останува на оваа зацртаност, ИЛИ пак поправувањето на оваа формулација ќе кореспондира со ставот во однос на предлог на буџетот како што предлага и самиот министер во неговото образложување.

**ФАИК АБДИ:**

Дами и господа пратеници, слушајќи ги дискусиите, морам да го прочитам писмото од Здружението на локалните радио станици и ако некој не го поддржува ова веројатно ќе има многу лош рејтинг во општината од каде што е избран. Веројатно заради тоа овде се редиме и мора малку повеќе да бидеме жолчни во распра- вата и да ја напаѓаме Македонската радио телевизија заради тоа што општината треба да ни направи еден поголем рејтинг и да се пофалиме ние таму. Меѓутоа , ако овде е техничка грешка, јас мислам дека е техничка грешна на Владата во материјалот со раздел, со контакт, со реден број итн. па во предлогот на Законот за извршување на буџетот во членот 21, како што зборуваше и почитуваниот Симјановски веројатно тука Владата ќе се најде себеси внатре заедно со ова што го предлагаат локалните радиостаници за испомош.

Меѓутоа, ние денес не расправаме за МРТ и не смееме да ги навредиме, па ниту да се навредиме себеси овде, затоа што овде се искажани некои недолични работи. Академски граѓани овде да зборуваат некои такви зборови, тоа е срамота, не доликува на Парламентот. Ако треба да кажеме некои лоши работи ајде да ги кажеме. Мислам дека никој не смее да ги минимизира резултатите и угледот на таа наша Македонска куќа, на радиото и телевизијата на која што барем во вој две годишен период автентично и убаво ја претставуваше Македонија на-секаде. И во таа Радио телевизија колку толку најдоа место сите видови аранжмани и програми, и албанците и турците и власите и ромите и други, па да не се занесуваме дека Македонската радио телевизија некој сака да ја освои преку ова, да ја освои власта во МРТ. Кога ќе расправаме за тоа, тогаш ќе расправаме, сигурно и тоа еднаш ќе дојде.

IX/2.-

Јас сум за тоа, Владата да го усогласи овој текст. Не може г-дине министре во раздел 29 под конто 418, реден бр. 368 ова да не биде равно на член 21 од Законот за извршување на буџетот.

**ННКОЛА КРСТЕВСКИ:**

Амандманот треба да го поддржиме. Средствата за јавно информирање претставуваат обврска од општините, бидејќи со таканаречената централизација на власта основачи што беа општинските собранија, автоматски ги презеде Скопје односно Собранието на Македонија. Тоа е и обврска, да се финансираат средствата за информирање по општините. Бидејќи тие имаат така катастрофална ситуација, некаде гасат, некаде се укинуваат, 1000 општински случаи имаме. Во овој момент неопходно е таа обврска редовно да се извршува за тие вработени. Кога ќе настане трансформација и на овој вид претпријатија тогаш ќе мислиме поинаку. Сега е чисто редовна обврска и затоа е опфатена со Нацртот и затоа се разидува овој текст.

Друго, тие немаат можности во рамки на општината, мал пазар, мал реон, меѓутоа, во Скопје можат да се најдат резерви бидејќи директно сме до изворот на информациите на држава Македонија со седиштето.

Во однос на прашањето на телевизија сосема е неспоиво со оваа работа. Собранието е основач на Телевизијата. Од овој круг нема што да се финансира. Телевизија кога ќе има потреба, оправдани потреби Собранието едноставно донесува одлука или да ги покрие тие трошоци или да препорача зголемување на цената. Тие се директно под нас и секоја потреба издвоена од пропагандното финансирање, се додека фигурираме основачи според Законот за претпријатија сме должни да ги покриваме нужните потребни трошоци. Исто, како децата во семејството. Имаш, пари немаш, додека е малолетно ќе ги покриваш трошоците. Телевизија треба да се издвои од овој куп на средства.

IX/3

Амандманот не предизвикува потреба на нови средства. Едноставно како што е во нацртот предвидено обврска оние што работат во средствата за информирање во општините, бидејќи си земаме поголема власт во Скопје, но и материјалните обврски се поголеми. И претходната година финансирањето одеше преку Министерството за информации. Едноставно го продолжуваме финансирањето на овие средства до евентуалната трансформација.

**МИХАИЛ ПАНОВСКИ:**

Очигледно нашиот премиер нема намера да ја следи расправата за буџетот. Треба специјални покани да пратиме, а знаеше тука претходниот премиер да го критикува...

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Ве молам општата расправа заврши.

**МИХАИЛ ПАНОВСКИ:**

Да, да, за општата расправа. Знаеше да критикува тој од оваа говорница кога беше пратеник и да продава лажен морал на јавноста и на народот, која што јавност оваа телевизија, комунистичка овде ја има исклучено ...

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Можете да говорите за амандманот.

(господинот Тито Петковски го исклучува микрофонот) Ја прекинувам седницата.

(господинот Тито Петковски го напушта претседавачкото место)

Реагирање на пратениците за прекинување на седницата.

Воопшто не расправате за амандманот.

(меѓусебен дијалог меѓу господинот Тито Петковски и господинот Михаил Пановски.

Ако зборувате за амандманот повелете.

**МИХАИЛ ПАНОВСКИ:**

Тие што немате нерви да се сослушате, тука имате врата.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Јас ве молам говорете за амандманот.

**МИХАИЛ ПАНОВСКИ:**

Јас го молам господинот претседавач времен да обезбеди услови да бидам сослушан од неговата партија

(реагирање на пратениците од место )

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Ве молам немојте од место да дофрлувате.

**МИХАИЛ ПАНОВСКИ:**

Сите имате тука говорница, јавете се за збор, дигнете рака, ќе добиете нема проблем.

Сметам дека амандманот од Комисијата за градежништво и урбанизам треба и мора да се прифати но и доколку се прифати праксата покажува дека амандманите што ги прифати ова Собрание на еден потполно незаконски, неделовнички начин оваа Влада повторно ќе си земе пауза и ќе си прави нивни амандмани. Значи потполно нема никаква смисла расправата во ова Собрание. Тоа се коси со сите уставни начела, со сите закони. Јас незнам врз основа на кои деловници тоа Владата си го зема за право, изгласани амандмани веднаш потоа да си ги менува.

Понатаму, за овој амандман сметам дека треба да се усвои од причина што овој раздел овозможува актуелната власт држејќи го цврсто монополот на телевизијата, и овозможува и понатаму да опстојува, од причини што и ги покажа минатиот штрајк во телевизијата барање на зголемување на личните доходи, на кои што веднаш им беше удоволено. Платите на вработените им беа зголемени за повеќе од 50% од за мене

непознати фондови во телевизијата. Значи, за тоа е потребен овој раздел, за да може актуелната власт да ги држи сите вработени во Македонската радио телевизија во една покорност со давање на повисоки плати и со цел да не штрајкуваат.

Исто така, не случајно 53-та седницата од 17 декември, на која што е изгласан дневниот ред и каде што како посебна точка стои да се расправа за организационата поставеност на медиуми- те, не случајно веќе повеќе од пола година се одлага, не сакајќи да се стави на дневен ред од причини за кои што зборував.

Затоа сметам дека овој амандман треба да го изгласаме но и доколку го изгласаме господинот министер ќе си даде амандман контра на тој ќе си го усвои. Значи, целата оваа расправа е смешна и навистина нецелисходна.

Од овие причини доколку продолжи Владата вака да се однесува во однос на амандманите што се усвојуваат и покрај најдобрите намери не ќе можам да го дадам својот глас за усвојување на годинашниот буџет, од причини што е ова навистина една смешна и жалосна ситуација да кон крајот на јуни Парламентот рас- права за усвојување на буџетот, Владата, а особено премиерот со тотално игноранско однесување према овој Парламент се однесува...

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Јас ви кажав, премиерот нема врска со амандманот. Ве молам.

**МИХАИЛ ПАНОВСКИ:**

Има и тоа како врска господине Петковски.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Напуштете ја говорницата, завршивте со амандманот.

**МИХАИЛ ПАНОВСКИ:**

Ве молам не сте вие тој кој што одлучува дали некој ќе ја напушти говорницата или не.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Јас претседавам, јас одлучувам за тоа. Кога ќе бидете вие, тогаш вие.

**ТОДОР ДИМОВСКИ:**

Почитувани пратеници јас сакам да дадам само едно објаснување во врска со текстот на буџетот, реден бр. 368 и член 21 од Законот за извршување на Републичкиот буџет.

Мислам дека повеќе пратеници дискутираа токму во врска со оваа неусогласенот. Меѓутоа, ако се прочита извештајот на Комисијата за финансирање и буџет ќе видите дека има амандман бр. 6 со кој што се брише зборот "општински", кој што го прифати Владата, така да сега нема никакви неусогласености помеѓу овие два текста.

Мислам дека амандманот што го предлага Комисијата е беспредметен бидејќи со амандманот што се наоѓа сега на дневен ред Владата се согласи, практично текстовите се усогласени и беспредметно се расправаме. Тоа е составен дел на законот.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Молам дали уште некој бара збор? (никој) Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за молам да крене рака? (27 пратеници)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на раздел 29 позиција 368 поднесени од Комисијата за градежништво и урбанизам.

Господинот Михаил Пановски бара процедурално.

**МИХАИЛ ПАНОВСКИ:**

Барам поединечно гласање.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали го поддржуваат 10 пратеници предлогот за поединечно гласање (12 пратеници).

IX/7

Го молам секретарот да почне со прозивката.

**ИСГОР СПИРОВСКИ:**

**С П И С 0 К**

**на пратеници во Собранието на Република Македонија според азбучен ред на презимињата**

| | |
|---|---|
| 1. ФАИК АБДИ | против |
| 2. ГАЗМЕНД АЈДЕРАГА | воздржан |
| 3. ЕШРЕФ АЈТИЈУ | против |
| 4. ХАМИТ АЛИУ | не е тука |
| 5. МИТКО АНАСТАСОВСКИ | за |
| 6. СТОЈАН АНДОВ | не е тука |
| 7. ТИМЕ АНДОНОВ | воздржан |
| 8. ГОЦЕ АНДОНОВСКИ | не е тука |
| 9. НИКОЛА АПОСТОЛОСКИ | за |
| 10. ЛАМБЕ АРНАУДОВ | не е тука |
| 11. ДРАГИ АРСОВ | за |
| 12. БРАНКО АРСОВСКИ | за |
| 13. ДУШКО АРСОВСКИ | против |
| 14. ГОРГИ БОЈКОВСКИ | воздржан |
| 15. ЈОРДАН БОШКОВ | не е тука |
| 16. ЉУПЧО ГЕОРГИЕВСКИ | не е тука |
| 17. АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ | не е тука |
| 18. ВЛАДИМИР ГОЛУБОВСКИ | за |
| 19. ПЕТАР ГОШЕВ | не е тука |
| 20. ДРАГИ Г§ОЗДАНОВСКИ | за |
| 21. САНДЕ ДАВЧЕВ | воздржан |
| 22. РАТКА ДИМИТРОВА | не е тука |
| 23. ДИМИТАР ДИМИТРОВСКИ | за |
| 24. ТОДОР ДИМОВ | воздржан |
| 25. ДОСТА ПИМОВСКА | за |
| 26. БОРКО ГОРЧЕСКИ | за |
| 27. ДУШКО ГОРГЕСКИ | против |
| 28. ПЕТАР ГОРГИЕВ | воздржан |
| 29. ЗУДИ ЕМИНИ | воздржан |
| 30. ЈОРДАН ЗАФИРОВ | против |

IX/8

| | |
|---|---|
| 31. ГОРАН ЗАФИРОВСКИ | не е тука |
| 32. НАСЕР ЗИБЕРИ | против |
| 33. ВАСИЛ ЗИМБАКОВ | против |
| 34. ВАНЧО ЗЛАТАНОВ | против |
| 35. БОРИС ЗМЕЈКОВСКИ | не е тука |
| 36. ИВАН ИВАНОВ | не е тука |
| 37. ЈБУБОСАВ ИВАНОВ | не е тука |
| 38. ЈАКИМ ИВАНОВСКИ | не е тука |
| 39. СИМЕОН ИВАНОВСКИ | не е тука |
| 40. ЉУПЧО ЈАКИМОВСКИ | не е тука |
| 41. РИСТО ЈОВАНОВ | за |
| 42. ЦВЕТАН ЈОВЧЕСКИ | за |
| 43. РИСТО ЌЕЛЕШОВ | не е тука |
| 44. ТАШКО КИРОВ | за |
| 45. ЗОРАН КИТЕВ | за |
| 46. КИРИЛ КОВАЧЕВСКИ | за |
| 47. СТОЈАН КОВАЧЕСКИ | воздржан |
| 48. ГОРГИ КОТЕВСКИ | не е тука |
| 49. ЗОРАН КРСТЕВСКИ | против |
| 50. НИКОЛА КРСТЕВСКИ | за |
| 51. БИЛЈАНА ЛАЗАРЕВСКА | за |
| 52. ВЕЦКО ЛИЧОСКИ | за |
| 53. КОЛЕ ЛУЛОВСКИ | против |
| 54. ЕФТИМ МАНЕВ | за |
| 55. ЈОВАН МАНЧЕВСКИ | воздржан |
| 56. ГУЛИСТАНА МАРКОВСКА | за |
| 57. ФЛОРЕ МАСАЛКОВСКИ | не е тука |
| 58. МА.РИН МИЛЕНКОВСКИ | против |
| 59. СТРАШО МИЛКОВСКИ | против |
| 60. ПАНЧО МИНОВ | воздржан |
| 61. ВЛАДИМИР МИТЕВСЌИ | за |
| 62. ТРАЈАН МИЦЕВСКИ | не е тука |
| 63. ВАНЧО МЛАДЕНОВ | против |
| 64. ЏЕЛАДИН МУРАТИ | не е тука |
| 65. АВДИ МУРТЕЗАНИ | против |

| | |
|---|---|
| 66. НАИФ МУСТАФА | против |
| 67. ПАНЧЕ НАСЕВ | не е тука |
| 68. СЛАВЕ НАУМОВСКИ | против |
| 69. СИМОН НАУМОСКИ | не е тука |
| 70. БОГДАН НЕДЕЛКОВСКИ | не е тука |
| 71. ЈОВАН НИКОЛОВ | против |
| 72. ДУШАН НИКОЛОВСКИ | против |
| 73. МИХАИЛ ПАНОВСКИ | за |
| 74. ТОДОСИЈА ПАУНОВ | против |
| 75. ТИТО ПЕТКОВСКИ | против |
| 76. ТОДОР ПЕТРОВ | не е тука |
| 77. ТОМИСЛАВ ПЕЦАКОВ | не е тука |
| 78. МЕРСИМ ПОЛОЖАНИ | не е тука |
| 79. ДИМИТАР ПОПОВСКИ | не е тука |
| 80. КИРО ПОПОВСКИ | против |
| 81. ЉУБОМИР ПОПОВСКИ | не е тука |
| 82. НИКОЛА ПОПОВСКИ | не е тука |
| 83. ШАБАН ПРЕВАЛА | не е тука |
| 84. БОЖО РАЈЧЕВСКИ | не е тука |
| 85. ИСМЕТ РАМАДАНИ | не е тука |
| 86. ИВАН РАМБАБОВ | не е тука |
| 87. ШУКРИ РАХИМИ | воздржан |
| 88. ФЕРИД САДИКУ | против |
| 89. НЕИМ СЕЛМАНИ | воздржан |
| 90. НАУМ СИМЈАНОВСКИ | против |
| 91. АЦО СПИРОВСКИ | не е тука |
| 92. РИСТО СТАМЕНОВ | не е тука |
| 93. РИСТО СТАНКОВСКИ | против |
| 94. ТОМИСЛАВ СТЕФКОВСКО | за |
| 95. СЛАВЈАНКА СТОЈАНОВА | не е тука |
| 96. НАЌЕ СТОЈАНОВСЌИ | против |
| 97. НИКОЛА СТОЈАНОВСКИ | против |
| 98. ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ | за |
| 99. СТОИЛЕ СТОЈКОВ | не е тука |
| 100. ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ | воздржан |
| 101. ЏЕЛИЛ ТАИРИ | воздржан |

X/2.-

| | |
|---|---|
| 102. ГОЦЕ ТЕМЕЛКОВСКИ | за |
| 103. ПЕТАР ТЕМЕЛКОВСКИ | за |
| 104. БЛАГОЈ ТОШЕВ | за |
| 105. ПЕТРЕ ТРАЈАНОСКИ | против |
| 106. ПЕТРЕ ТРАЈКОСКИ | за |
| 107. ДИМИТАР ТРПЕНОСКИ | за |
| 108. ДУШАН ТРПЧЕВСКИ | за |
| 109. АГИМ ФАЗЛИУ | не е тука |
| 110. АЛЕКСАНДАР ФЛОРОВСКИ | не е тука |
| 111. МУХАМЕД ХАЛИЛИ | не е тука |
| 112. АБДУРАХМАН ХАЛИТИ | против |
| 113. БЛАГОЈ ХАНЏИСКИ | против |
| 114. СЕЈФЕДИН ХАРУНИ | не е тука |
| 115. СТОЈМИР ЦВЕТКОВСКИ | против |
| 116. НЕЏАТИ ЏАФЕРИ | против |
| 117. АЛИЛ ЏАФЕРОСКИ | против |
| 118. ВЕБИ ЏЕМАИЛИ | воздржан |
| 119. БЛАГОЈА ЧКАТРОСКИ | не е тука |
| 120. ХИСНИ ШАКИРИ | воздржан |
| 121. ЕШТРЕФ АЛИУ | против |

Х/3.-

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Вкупно гласале 77 пратеници.

29 гласале за.

32 гласале против.

16 пратеници се воздржани.

Констатирам дека Собрание тоне го усвои амандманот на раздел 29 позиција 368 поднесен од Комисијата за градежништво и урбанизам.

Отворам претрес по амандманот на раздел 55 позиција 578, конто 435 поднесен од група пратеници.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ЏЕВДЕТ ХАЈРЕДИНИ:**

Со овој амандман се предлага во разделот 55 позиција 578, програма за развој на стопански недоволно развиените краишта износот од 156 милиони да се замени со износот од 314 милиони денари, преку зголемување на вкупните приходи од буџетот, пред исполнување. Да беше така лесно да се зголемат приходите во буџетот со оваа формулација ќе го прифатевме амандманот веднаш. Меѓутоа, ова значи вкупна ставка и јас мислам дека нема потреба повеќе да образлагам, бидејќи ние видовме за кои се намени нема во буџетот средства. Единствен аргумент е дека Владата не се придржувала кон некоја одредба дека 0,30% треба да одат за фондот за неразвиени. Не може оваа година Владата да оди со 0,30% како што не може да оди и со многу други пропишани обврски. рековме и за здравството, иако стојат програмите во законите, тие ќе бидат, меѓутоа целосно не ќе можат да бидат финансирани. Не може да оди да финансира со 3% од општествениот производ за одбрана, туку се оди со 2,5%, затоа што нема. И во овој предлог нема, не е комплетен зашто не  се предлага

воопшто која позиција да се намали. А да намалиме, за да добиеме ваков износ овде, на Владата не и треба како пред малку еден саат, туку денови се потребни, а пак не ќе може, имајќи ја предвид ситуацијата кај одделните корисници да најде толку пари за да може овој амандман да биде прифатен. Амандманот Владата не го прифаќа и молам парламентот да не го прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали уште некој бара збор? (Не)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за молам, да крене рака? (21)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на раздел 55 позиција 578 конто 435 поднесен од група пратеници.

Отворам претрес по амандманот поднесен од госпоѓа Марковска и господин Манев на раздел 29 позиција 368, конто 418, кој гласи "учество во финансирање на јавните гласила" се брише.

Бидејќи водевме долго расправа околу ова да не чекаме на процедура тоа да се умножува и да се дели затоа што претходно мислам дека доста апсолвиравме околу овој проблем. Молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ЏЕВДЕТ ХАЈРЕДИНИ:**

Владата не го прифаќа амандманот, само незнам што ќе биде ако се избрише описот на позицијата, ќе остане само износот.

**ЏУЛИСТАНА МАРКОВСКА:**

Навистина зачудува ако во оваа смисла се намалува расходниот дел,а приходниот дел е поголем зашто Владата не го прифаќа амандманот од причина што не може формално правниот дел да се брише туку се брише и сумата.

**МИХАИЛ ПАНОВСКИ:**

Сметам дека овој амандман треба да се прифати од причина што, повторувам овој раздел исключиво и служи на власта во повеќе партиска држава да ја држи државната телевизија под своја контрола. Ние не можеме да зборуваме за никаква демократија во оваа држава, се додека оваа власт ја држи на овој начин , државниот медиум, а во отсуство на други алтернативни медиуми, под своја дебеле контрола. Со тоа може некој да се сложува, може некој да не се сложува, но факт е и последното барање, брзината со која се удоволи на покажувањето на платите, на последното барање на вработените во државната телевизија.

Кога се работи тука за државната телевизија, свесно и намерно и претседателството на парламентот не сака точката изгласана, по- веќе од пред пола година, да се стави на дневен ред, а тоа е и причината за тоа што го подржувам овој амандман. Сметам дека со ова раководство во македонската државна ТВ, што сега ја води, ние не можеме да зборуваме за никаква демократија во нашата држава, дури можеме да зборуваме за штетноста по виталните национални интереси на кои што се води оваа куќа. Тоа го покажа интерпелацијата не една пратеничка група на кој начин се вршат притисоци за изнудување на кадровски промени во уредувачкиот колегиум. Тоа го покажа и начинот на кој што се води оваа куќа, начинот на кој што постепено доаѓа до распад' на тој дел од информативниот простор. што огромен број од населението не ја плаќаат ТВ претплатата. Сметам дека ние пред да гласаме за овој раздел, мораме да најдеме да се одлучиме како парламент на кој начин, по кој концепт ќе работи и на кој начин МТВ. Сметам дека без да се

X/6.-

одлучи за концептот во услови кога еден огромен дел на населението во Македонија не плаќа ТВ претплата, не е овој начин на кој што се нуди, дозирано преку одредени раздели од буџетот да се даваат тие средства, а се со цел владеачката структура да се држи во зависност, за во услови на повеќепартиски услови кога ќе бидат, исклучиво да се стават во служба на владеечката номенклатура.

Господа, можете да гласате, можете да не гласате, тоа е ваше право, но знајте дека на овој начин никако не можеме да придонесеме за развојот на демократијата во нашата држава. И доколку овој парламент не овозможи развој на таа демократија ние ќе бидеме, иако сме во Европа, една дебела провинција на Европа.

**ПАНЧЕ МИНОВ:**

Почитуван потпретседателе, мислам дека крајно е не фер однесувањето посебно на последните дискутанти спрема МТВ, затоа што таа сепак технички ни овозможува меѓу другото и рекламирање како што го правеше неколку пати претпоследниот дискутант односно зборење на глупости како што имавме прилика пред малку да слушнеме па затоа бидејќи ни е основна задача како законодавно тело да носиме закони и како што и доликува на секоја држава да има буџет, јас предлагам да минеме на гласање и таа наша основна задача и функција да ја извршиме, односно да го донесеме буџетот

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор господинот Ханџиски.

**БЛАГОЈ ХАНЏИСКИ:**

Колку се точни наводите на некои од дискутантите што зборуваа пред малку може да се види од сите гласила што битисуваат денеска во Република Македонија па и од вчерашна Нова Македонија, која се прогласува за ваква или онаква, каде што на првата страница ударно, на

втората страница итн., сосема нормално се објавуваат вестите за четвртата партија во која што колегата Панов за последните две години членува, а партијата Ви се молам, ова е во врска со амандманот, која што одговара за власта е на некоја трета страна, или можете да погледнете, синојка во извештаите на телевизија, токму на таа телевизија во која што сепак ударните вести со право, повторно беа за ново формираната партија, меѓутоа тоа не значи дека треба да се каже она што се кажа спротивното, иако има ситуации во кои што веста за претседателот на државата е шеснаесетта итн.

Меѓутоа, она што сакав да го кажам во врска со амандманот е следното. Македонската радио телевизија е институција од посебен општествен интерес и затоа основач е највисокото законодавно тело. Тоа е институција каква што има во секоја држава. Нема во ниедна држава во светот без државна телевизија и радио. И тој што оди амандмански или било како на таа линија,да ја дестабилизира државната институција од посебен интерес радио и телевизија, треба да се замисли што прави, а не да смета дека расправата по таа точка е на ниво на игри, на ниво на некаков маркетинг. Пресериозно е работата за да расправаме така. Амандманот треба да се одбие.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор госпоѓа Марковска.

**ГУЛИСТАНА МАРКОВСКА:**

Почитувани пратеници, прво, ќе му се обратам на претседавачот затоа што навистина не му личи овде да лепи квалификативи во врска со дискусиите на некои пратеници, дали се глупави или не од проста причина, што телевизијата во овој момент е исклучена, така што нема никаков маркетинг и се работи за став.

Втора работа што овде беше спомната после тоа е колку што ми е познато бришењето на амандманот, не е бришење на МТВ. Јас добро се сеќавам, тука постои стенограма во која што реков дека можеби треба и поголем обем да и се даде на МТВ, меѓутоа, за тоа треба закон. Бидејќи нема закон, а овде средствата се дадени така од ѓутуре предлагам да се бришат од проста причина што можеби со ребаланс или при носење на нов закон ќе се внесе таква нова ставка. И сите оние квалификативи што беа во врска со маркетинг или во врска со незнам какви дестабилизирачки работи што се нудат, мислам дека не е во ред, заради тоа што секој од нас има право да застапува свој принципиелен став, а правото на друг е за тоа да гласа и врз основа на аргументи да го тргне односно да гласа за него или против него.

XI/1/сп/см

**ГУЛИСТАНА МАРКОВСКА: (**Продолжение)

Квалификативите не треба да му служат никому за почит ни на мене доколку ги употребувам, меѓутоа, нека им служат на оние кои ги употребуваат.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор господинот Манев.

**ЕФТИМ МАНЕВ:**

Почитувани пратеници, амандманот кој го поднесовме не го поднесовме од причини да ја бојкотираме Радио и Телевизијата, туку напротив статусот на ова јавно гласило е редно законито да се реши како тоа понатаму да продолжи. Цела година се чекаат информации во Собранието да се разреши статусот на Радио-телевизијата. Во овој момент сметам дека оваа куќа е во најтешка положба од причини што голем број граѓани не ги плаќаат услугите кои ги пружа Радио-телевизијата од причини што тој закон е поставен пред Уставниот суд да се утврди неговата уставност.

Исто така, за да се одвојат средства од Буџетот, свесни сме дека тие средства се одредуваат за извршена услуга и по програма. Ова Собрание не донело никаква програма, не гледало програма од Радио-телевизијата и да ја усвои таквата програма и за тоа да одреди колку средства треба.

На крај би сакал да кажам во оваа трансформација прашање е дали Собранието на РМ преку Буџетот ќе ја финансира целата Радио-телевизија. Веројатно и оваа куќа и овие луѓе внатре бараат решение. Сето ова што требало досега да се реши сепак е пропуст на Владата што таа не го подготви и не го пушти законот за радио-дифузија кој требаше Собранието да го усвои и да се реши статусот на оваа куќа.

Од тие причини доколку тие средства со амандманот кој го предлагаме не се удоволат, веројатно ќе дојде многу побрзо решение за Радио-телевизијата.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Збор има господинот Пановски. (Негодување во салата). Ве молам, не можам никому да му одземам збор кој се пријавува. Како можам да го спречам.

**МИХАИЛ ПАНОВСКИ:**

Очигледно дека овде некои дискутанти членови на бивши централни комитети на СКЈ...

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Оставете ги тие членови, зборувајте за амандманот.

**МИХАИЛ ПАНОВСКИ:**

И тие мене ме спомнуваат па морам и јас да ги спомнам сега. Бидејќи се од вашата партија кога тие ќе спомнат никому ништо, а ние кога ќе спомнеме, веднаш скокате.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Зборувајте за амандманот.

**МИХАИЛ ПАНОВСКИ:**

Да, за амандманот, а истото и господинот Ханџиски за амандманот и јас за амандманот. Колку што беше неговото за амандманот толку и моето сега за амандманот.

Очигледно некој сеуште не може да ги заборави стегите од времето на еднопартизмот...

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Оставете го еднопартизмот.

**МИХАИЛ ПАНОВСКИ:**

...и си дава смелост од оваа говорница да оценува овде во Парламентот кој каде territory членува, колку ќе членува, како ќе членува.

Јас не им се мешам тоа е нивно право, тие можат да си останат да си бидат во таа партија, си ги менуваат имињата на таа партија кога сакаат и како сакаат, но секогаш тие ќе си бидат наследници, а и самите тоа на Уставниот суд го кажаа за да го добијат имотот огромниот од Партијата дека се наследници на Комунистичката партија.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Господине Пановски ве опоменувам по втор пат по деловникот имам право да ви одземам збор.

**МИХАИЛ ПАНОВСКИ:**

Да им одземете збор на вашите колеги од вашата партија кога отстапуваат од амандмандската расправа.

Македонската телевизија сите знаеме дека е јавно претпријатие од посебен општествен интерес и токму за тоа во интерес на тие граѓани што работат таму и што се ставени во служба да и служат на една партија и на една коалициона влада,за таа цел е поднесен овој амандман Сметам дека над 200.000 граѓани да не ја плаќаат телевизиската претплата е најдиректно насочено на рушење на македонската телевизија, а не ова овде од говорница што ние кои бараме да се постави темата на расправа и да се одреди концепт по кој ќе функционира ова јавно претпријатие од посебен општествен интерес. Тоа е целта на нашето барање, не е целта да рушиме, целта ни е да се прекине рушењето во кое сега македонската телевизија има дебело загазено.

Исто така има и друга работа тука. Во времето на бившата СФРЈ, Сојузното министерство за информирање, ако не се лажам...

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Оставете ја бивша Југославија, зборувајте за амандманот господине Пановски.

XI/4

**МИХАИЛ ПАНОВСКИ:**

Да, да, ова е многу битно, ова господине Тито е од посебен интерес за оваа држава сега што ќе ви го кажам. За време на бившата СФРЈ Сојузното министерство за информации ја забрани работата на два големи предаватели на самата северна граница на Македонија односно во Јужна Србија кои имаа огромна моќност и кои ја покриваа целата Северозападна Македонија. Факт е дека тие по распадот на СФРЈ функционираат и факт е дека одредени граѓани овде во Македонија многу подобро ја фаќаат, во своите домови, телевизија Белград отколку македонската радио-телевизија. И тоа е дел за заштита на македонскиот простор и тоа е работа на ова Собрание да го заштити македонскиот простор.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Господине Пановски ве опоменувам по трет пат, ве молам или се прдржувајте на Деловникот или напуштете ја говорницата. Јас не можам поинаку со вас да разговарам. По трет пат го кршите Деловникот.

**МИХАИЛ ПАНОВСКИ:**

Ве молам, господине Тито да се однесувате за сите пратеници подеднакво доколку сакате да ја водите седницата, јас ве молам како господинот Андов да ги водите седниците на еден објективен начин така и вие да ги водите седниците. (Општа смеа во салата). Затоа. значи, како што кажав, сметам дека мора под итно да се стави 53-та седница последната точка на дневен ред ова Собрание да одлучи каков концепт за спасување на македонската Телевизија ќе понуди. Доколку тоа не се случи сметам дека ова Собрание и мнозинството во него се директно одговорни за рушење на ова јавно претпријатие од посебен општествен интерес, а не тие што бараме да се спаси оваа фирма, ова јавно претпријатие.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали уште некој бара збор?

Има збор госпоѓа Билјана Лазаревска.

**БИЛЈАНА ЛАЗАРЕВСКА:**

Бидејќи оваа долга дискусија се предизвика со амандманот што беше изгласан на нашата комисија, јас ќе побарам помош од министерот за финансии, кој еве моментално има друга работа, да ми помогне во тоа, бидејќи оваа ставка остана како отворена јавните гласила, јас само молам тогаш Владата нека си даде амандман и нека каже дека за тоа ќе се финансира македонската Радио-телевизија т.е. кој дел од МРТ, бидејќи очигледно дека овие средства се многу мали за покривање на трошоците. Затоа, еве нека ми помогне министерот јас ќе гласам за тоа за предлогот на Владата ако го дефинира како финансирање на МРТ и врз основа на што.

**ЏЕВДЕТ ХАЈРЕДИНИ:**

Господине јас слушнав се што рековте иако гледав во весникот. Има луѓе кои можат и тоа. Можам да повторам се што рековте. (Му се обраќа на пратеникот Ристо Јовановски). Инаку, никој не зборува за амандманот. Ова што ние образложивме дека треба да стои јавни гласила за да можеме да ги финансираме и општинските јавни гласила. Вие сега предлагате да стои само македонска радио-телевизија. Ние не се залагаме за тоа.

Второ, овој амандман што ќе гласате не е во ред, го брише само описот, а не го брише износот.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор господинот Стојановски.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Дами и господа, секој се нервира кога не му оди нешто во негова полза, па така гледам дека и овие од мојата десна страна се нервираат. Овој амандман дојде токму по потреба и еднаш мораме да сфатиме што,

кој и кого плаќа. Јас, ако го сфатив министерот дека треба да се плаќаат информативните средства, па незнам дали тука ќе бидат и овие приватни радио-станици, приватни телевизии, па ако има и приватни весници дали тоа поради принципот на уставноста на еднаквост на корисниците на пазарот и буџетот ќе биде спрема сите еднаков. Ако имал таква намера да ме убеди во тоа, јас од оваа говорница ќе гласам против амандманот. А ако се одредил на таканаречени државни институции, тогаш да ми каже како ќе може да создава монопол? Ова се принцпиелни уставни начела од кои секој треба да тргне и во овој случај сигурно никому по ова мое поставено прашање не му е јасно кого ќе финансираме затоа што институтот од членот 55 од Уставот е јасен сите се еднакви. Овде некои говореа локални радио-станици никој не спомна дали се тоа радио-станици на општини, дали се приватни или не, тоа се однесува и за телевизиските станици. Од еднаш дојде, се појави македонската радио-телевизија. Јас говорам од принцип на државноста. Секоја држава треба да има своја телевизија. Ние сме држава и ние треба да имаме телевизија. Меѓутоа, распоредот на политичките сили во една држава нема да дозволи на некоја информативна куќа ако е државна да се однесува пропагандно односно негаторски спрема одредена политичка сила. Така јас ќе ве потсетам во третиот дневник на МРТ...

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Немојте од место да дофрлувате.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Ве молам, или ќе се слушаме или јас ќе молчам на говорницата. Додека не се смирите нема да одиме понатаму. Сега системот на начин на однесување помеѓу луѓето ќе го користиме по секоја основа. Господинот Зоран Трајчевски истапи со известување дека политичката партија ВМРО-ДПМНЕ е пробугарска партија и врховистичка партија се

појави и  бара пратениците на оваа политичка партија и граѓаните кои гласале за оваа политичка партија му бидат инвеститори. Дали треба еднаш да се стави прст на глава, ако сме државна телевизија ќе видиме навистина државна телевизија и нема да имаме одредени претензии за понижување на овие или на оние. Ќе биде независна ако сака да ја плаќа Парламентот. Ако сака да биде пробладина, тогаш Владата ќе ја плаќа. Тоа е проблемот сега каде се парите, ако некој ги бара парите каде се, парите се во Парламентот и сите ќе ги платиме за еднаквоста, а не за понижување.

Господа, во овој случај ние немаме задача да симнеме нешто што и следува на телевизијата затоа што е наше чедо. Меѓутоа, ако го земете членот 68 алинеја 6 каде се говори за телевизијата односно за Буџетот, тогаш се говори таму што? Ја одобрува и завршната сметка. Ние доаѓаме да донесеме нов буџет, меѓутоа, Владата не ни понуди завршна сметка за Буџетот што бил за минатата година. Дали нема да се случи пак да и ова е само проформа овде на кого што му треба ќе изгласаме, ќе добиеме што ни треба и на крај нема да знаеме каде што е потрошено.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Меѓутоа тоа не е во врска со амандманот, ве молам.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Со овој амандман е токму тоа да се знае која пара каде и зошто ќе се троши. Господата што го потпишале овој амандман ги сфаќам така дека нема потреба на ваква работа да се расфрлуваат општествени пари. Тоа е основниот елемент. Сега треба да оцениме дали ќе треба или не. Ние како Собрание ако некому му треба да си оди, па господа вас како позиција вие два пати го одлагате Собранието немате кворум за

работа  сега кога не користите за кворум ми велите да брзаме. Ако ви пречиме ние ќе си излеземе, направете кворум па изгласајте.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Ве молам дајте за амандманот.

Дали уште некој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој друг не бара збор, ја заклучувам расправата и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (17).

17 пратеници гласаа за овој амандман и констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на раздел 29, позиција 368, конто 418 од Предлог - буџетот.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на буџетот.

Молам, дали некој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот на Предлогот на Републичкиот буџет и текстот на Предлогот на буџетот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (44).

Молам, да влезат сите пратеници во салата.

Молам, кој е против? (Никој).

Кој се воздржува од гласање? (16).

Молам, од Службата да ни даде точен број на присутни пратеници во салата. (65).

Значи вкупно присутни 65 пратеници.

Констатирам пека Собранието го донесе Републичкиот буџет за 1993 година.

Господинот Стојановски има процедурално прашање.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Ако лошо сум слушнал тогаш се извинувам. Меѓутоа, за Буџетот гласаа 44 пратеника, 16 воздржани, тоа се 60. Собранието треба да работи со 61 пратеник. Во тој момент во салата беа 60 присутни. Откако се се заврши влегоа уште 5. Поставувам прашање дали буџетот е донесен.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Тоа не е никаков доказ, многу пати се случувало пратениците да не гласаат.

Имаме два предлог - заклучоци. Предлог од Комисијата за финансирање и буџет. Мислам дека е умножен.

Предлог - заклучокот го ставам на гласање.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Кој е за, молам да крене рака?

Педесет и шест пратеници гласаа за.

Дали има некој против?(нема).

Дали некој се воздржува од гласање?(Никој).

Констатирам дека заклучокот е донесен.

Бидејќи во една точка е апсорбиран и заклучокот на господинот Давчев, претпоставувам дека го повлекувам.

**САНДЕ ДАВЧЕВ**: (од место)

Не го повлекувам, нема врска со ова.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Да, се извинувам.

Сепак, за ова ќе ни треба мислење од Владата. Молам, претставникот од Владата да се изјасни, бидејќи станува збор и за задолжување на Владата. Сепак, ние не можеме да ја задолжиме Владата. Собранието не може да ја задолжи Владата. Собранието може да препорача Владата во рамките на своите надлежности да го информира Собранието за одредени проблеми. Ако во таа смисла се преформулира предлогот да го ставиме на гласање.

**САНДЕ ДАВЧЕВ:**

Молам, за мало трпение. Ние минатата година усвоивме програма за водоснабдување на РМ Владата да изготви, но не ставивме рок. Оваа година предлагам повторно Владата на РМ да изготви програма за решавање на проблемите со водоснабдување, но тоа да биде до 30 дена, за да се види како ќе се финансира за да не дојдеме наредната година во иста ситуација како и оваа година со Буџетот.

Нека подготви Владата за 30 дена програма, па да видиме што ќе се финансира од Буџетот, што нема да се финансира во идната година. Тоа е предлогот, јас не знам што не е јасно.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

За рокот мораме да добиеме мислење од Владата.

Има збор г-динот Џевдет Хајредини.

**ЏЕВДЕТ ХАЈРЕДИНИ:**

Крупна задача Владата на РМ да изготви програма за решавање на проблемите со водоснабдувањето во Републиката и тоа прва фаза за решавање на проблемите со вода за пиење, а во втора фаза за наводнување веројатно. Во рок од 30 дена по донесувањето на Републичкиот буџет , мислам дека овој рок со оглед на престојниот период во кој го донесуваме е нереален. Исто така, Владата има програма за работа, мене не ми е познато дали во програмата за 1993 година има ваква програма. Меѓутоа, проблематична е формулацијата за решавање. Ако е како што рековте овде парите да се најдат, јас знам во оваа Република население кое со ниеден денар на државата ги решава проблемите на водата за пиење со свои пари, каде што државата воопшто не им дава пари. Според тоа, да претендираме дека за краток рок со програма и пари сите граѓани да сфатат дека водата ќе им тече, мислам дека ова е нереално. Ако така овде се мисли на задачата. Ако се мисли Владата посериозно да изготви програма со приоритети каде долго време ќе трае зависно од тоа што има разни стандарди за водоснабдување. Има некаде само за да пие, нема многу, така што задачата е премногу недефинирана. За еден месец да се изврши таква задача тоа не е реално.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Молам, г-дин Давчев да се изјасни.

Добро, го повлекува Предлог - заклучокот.

Предлагам да одиме на Предлогот на законот за извршување на Републичкиот буџет за 1993 година.

Преминуваме на втората точка - Предлог на закон за извршување на Републичкиот буџет за 1993 година.

Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието Ви се доставени, односно поделени.

Отворам општ претрес.

Молам, кој бара збор?(никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Пратеникот Ташко Киров, поднесе амандман за менување на член 2 и член 7, став 2 по кој Владата не се произнела.

Комисијата за финансирање и буџет поднесе амандмани на новите 16, 17, 18, 19, 20 и 21 со кои се согласил претставникот на Владата и тие се составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Отворам претрес по Амандманот за менување на член 2 поднесен од пратеникот Ташко Киров.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ЏЕВДЕТ ХАЈРЕДИНИ:**

Амандманот 1 на пратеникот Ташко Киров на член 2 додава уште еден став, таму има еден, додава уште еден. "Доколку корисниците на Буџетот не ги користат средствата согласно начелата врз кои се заснова законот, на истите за нивната одговорност ќе се применат соодветни законски прописи". Владата овој амандманот го прифаќа иако вакви одредби има и во Законот за системот на финансирање, меѓутоа, овде попрецизно, со тоа што зборовите "согласно начелата врз кои се заснова законот" не, туку "начелата од претходниот став", што ќе биде попрецизно, бидејќи тука се наведени начелата, а не во целиот закон. Ова доколку се согласува предлагачот така да биде попрецизно формулирано.

Вториот амандманот од г-динот Ташко Киров Владата не го прифаќа од причини што се работи за корисници на Буџетот и ние имаме за тоа решение дека се намалуваат вкупните средства на корисникот доколку ненаменски ги користи. Меѓутоа, да плати камата, бидејќи се работи за корисник на Буџетот, нема од каде други пари тој соодветен корисник , туку треба и за камата да му се дава. Не се работи за некој друг субјект каде би дошле пари во Буџетот.

Првиот амандман го прифаќаме со таа интервенција доколку пратеникот се согласува, а вториот цениме дека не е потребен.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Господине Киров дали останувате на амандманот после ова објаснување? Говорам за првиот амандман, модифициран.

**ТАШКО КИРОВ:**

За првиот во начело е тоа, има само мала корекција, тоа е она барање што е во Амандманот и го прифаќам.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Отворам претрес по амандманот на член 7 став 2, поднесен од пратеникот Ташко Киров.

Владата го кажа својот став.

Дали г-динот Киров останува на вториот амандман.

**ТАШКО КИРОВ:**

Во врска со овој амандман повторно претставникот на Владата кажа дека се однесува за корисници кои ненаменски ги користат средствата, што значи Владата признава таков термин ненаменско користење на средствата. Ние денес таква борба водевме одредени средства некаде да се одделат, а сега имаме ситуација каде што некој ќе биде во ситуација ненаменски да ги искористи. Ова не се однесува за органите на управата, каде што нема производствена дејност и нема средства за да се вратат, туку имаме ситуација каде што корисници на буџетот се конкретно извршители кои имаат и други, имаме најразлични категории. Ова е практично бескаматно кредитирање, и ги стимулираме ненаменски да ги внесе некој тие средства, да ги искористи. Што има лошо ако кажеме, она Владата што го вели дека ќе ги врати тие средства ако се ненаменски искористени, ако на него се додаде заедно со каматата постапка во висина на есконтната стапка што ја применува Народната банка на Македонија. Каматата се пресметува од денот на наплатувањето на средствата до денот на нивното враќање. Нема ништо лошо во тоа. Единствено заштитуваме средствата да бидат наменски искористени. Знаеме ако некој на тековна сметка оди во негативно салдо и користи средства подрастични казнени мерки од ова следуваат. Тоа не

е ништо ново, туку само еден економски стимул тие средства да не бидат ненаменски искористени.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали уште некој бара збор?(Никој).

Бидејќи никој не бара збор, ја заклучувам расправата.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака?

Дваесет пратеници гласаа за амандманот.

Констатирам дека Собранието не го усвои Амандманот на член став 2 поднесен од пратеникот Ташко Киров.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот.

Предлогот на закон го ставам на гласање.

Кој е за молам да крене рака?

Шеесет и еден пратеник гласаа за.

Дали има некој против? (нема)

Дали некој се воздржува од гласање? Двајца пратеници се воздржаа од гласање.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за извршување Републичкиот буџет за 1993 година.

Со ова ја заклучувам денешната седница и Ве информирам дека продолжението ќе биде на 1 јули во 10,00 часот.

(Седницата прекина во 19,10 часот).